ЦЕЛОВЕЧЕРЕН ДРАМСКИ ТЕКСТ

# **“Чекајќи го Дракула”**

По мотиви на “Дракула” од Брам Стокер

**Автор:**

**Загорка Поп – Антоска**

Септември 2005

Скопје

Ликови:

МИНА ХАРКЕР, 29 год., сопруга на Џонатан;

ЏОНАТАН ХАРКЕР, 31 год.м тој што ја преживеа Трансилванија;

ВАН ХЕЛСИНГ, 57 год., специјалист за паранормални појави;

Д-р СЈУАРД, 35 год., негов ученик;

РЕНФИЛД, 35 год.,опседнат со животот;

ПАЦИЕНТ 101, пациент од соба 101;

ПАЦИЕНТ 102, пациент од соба 102;

ГЛАСОТ НА ГРОФ ДРАКУЛА, топол;

ТРИТЕ ЃАВОЛИЦИ, неодоливо убави, сексипилни, нималку застрашувачки;

ЧОВЕК 1, од управата на клиниката;

ЧОВЕК 2, од управата на клиниката;

ДЕЈСТВИЕТО СЕ СЛУЧУВА ВО ОГРАНОК ОД КЛИНИКА ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ. МАЛА СИМПАТИЧНА СТАРА КУЌА НА ДВА КАТА. ОДНАДВОР ИЗГЛЕДА СОСЕМА НЕВПЕЧАТЛИВО. РЕТКО КОЈ ЗНАЕ КОЈ ИМА ВНАТРЕ И ШТО СЕ СЛУЧУВА. СРЕДИНАТА ШПЕКУЛИРА ДЕКА Е ТОА ДОМ НА БЕЗДОМНИЦИ И БЕЗРАБОТНИЦИ, НОТОРНИ ПИЈАНИЦИ И НАРКОМАНИ, СЕКТАШИ, МАФИОЗИ СО КОИ РАКОВОДИ МЛАД, НО СОСЕМА ЛУД НАУЧНИК - ПСИХИЈАТАР. И ДЕКА ИСТИОТ ТОЈ СУРОВО МАНИПУЛИРА СО НИВ И НА КОЈЗНАЕ КАКВИ СЕ НАЧИНИ ГИ ЗЛОУПОТРЕБУВА.
АКО ПОСТОИ ВИСТИНА, ВИСТИНАТА Е ДЕКА ТОА Е МИНИ КЛИНИКА, ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ДРЖАВАТА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ОПАСНИ, ЕКСТРЕМНИ ПСИХИЈАТРИСКИ СЛУЧАИ КОИ НЕ ОДГОВАРААТ НА ВООБИЧАЕНИТЕ ДИЈАГНОЗИ.

ПРЕДГРАДИЕ.

*Сцена 1*

НА СЦЕНАТА Е ПОСТАВЕН ЖЕЛЕЗЕН КАФЕЗ КОЈ ПО СВОЈАТА ФОРМА НАЈМНОГУ ПОТСЕТУВА НА ОНИЕ ЗА ПТИЦИ, СО ЛУЛАШКА. КАФЕЗОТ Е ГОЛЕМ КОЛКУ ЧОВЕК ДА МОЖЕ СЛОБОДНО ДА СЕ ДВИЖИ. НА НЕГО ИМА САМО ЕДНА ВРАТИЧКА КОЈА СЛУЖИ ЗА ПОДАВАЊЕ НА ЧИНИИТЕ ХРАНА. ВО КАФЕЗОТ Е РЕНФИЛД. ВИСИ НА ЛУЛАШКАТА КАКО ЛИЛЈАК И СЕ ЛУЛА.

РЕНФИЛД:

(фаќајќи муви) Еден, два, три… е шест… шест, седум, осум… дваесет и еден живот во дваесет и едно друго суштество… четрстотини четириесет и еден… во во триста шеесет и пет дена е рамно на сто шеесет илјади деветстотини шеесет и пет нови животи за една година… по десет години тоа се еден милион шестодевет илјади и деветстотини шеесет и пет ебани животи… ух.. како добро тоа звучи… надежно…

*(се симнува од лулашката. Кон публика)*

Ние сме грешни, валкани, бедни, смрдени креатури кои зад себе го влечат првиот божем грев на своите пра-прародители, осудени да не видат ни аир ни берикет, да се влечат болни, крастави, несовршени, неморални, нечесни, нееминствени, непрактични и ебано смртни до денот кога ќе се соочат со вечниот косач, на златните крила на Хермес, до мрачните двори на Хадес, од чии темнини враќање нема! Ни нашиот Бог на небото со време не смисли подобар план за нас. Не нé помилува и никогаш не се појави кога баш ни требаше. Ние сме деца истерани од рајот, фрлени на земјава без заштита, без ангели чувари, секогаш да талкаме барајќи го својот мир, и никогаш да не го најдеме. Проколнати од нашиот создател, толку ефтини што секој ден многу од нас невини да лежат пред, замислете, новите ребрести модели на *good year*. Толку грозно смртни да умираме од грип, маларија, убод на змија, убод на оса, кравјо лудило, а да не зборувам за сите оние катаклизми од типот на Катрини, Ивани и слични звучни имиња во коишто се умира на ангро…

Не очајувајте. Има лек. Јас смислив лек како да се избавам од смртта… како да ѝ побегнам од канџите и како да се одметнам од редот на смртните. Како да го одложам тој наводно неизбежен процес.

Се ближи денот кога ќе дојде тој, мојот иден Господар, тој кој ги надмине сите болести, војни, стрели, копја, и куршуми, сите крстови, свети водички, свети коски, колци и лукови… оној што шета низ вековите како победник. Нему ќе му измолам милост и заштита, тој ќе биде мојот бог и Господар, со него ќе го освојам времето и тоа ќе работи во моја корист.

Ќе го спасам својот живот. И својата душа од Хадес и Персефона, од темнините, од болестите, од стравовите, од одвратниот сообраќај, од глупите политики, и поглупите политичарчиња кои ни раководат со животите, од невработувањето, од крадците и криминалците, од вестите за земјоделие, од пестицидите, од високите цени, од лошиот квалитет, од нељубезни колеги, од лоши комшии, ќе се спасам од напорните шефови, од кока кола, од кофеин, од никотин, од трите бели зла, и од *good year*-можноста.

(шепкајќи) Тој ќе дојде, кај и да е. Ми оставил порака.

ГО ПОКАЖУВА ВРАТОТ КАДЕ ИМА ДВЕ КРВАВИ ЛУЗНИ.
МРАК.

*Сцена 2*

КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД Е НА ИСТОТО МЕСТО ОД ПРЕТХОДНАТА СЦЕНА.

НА ДРУГА СТРАНА НА СЦЕНАТА ИМА МАЛА, НИСКА МАСИЧКА СО ПОВЕЌЕ СТОЛИЦИ. НАЈЧЕСТО СЕ КОРИСТИ ЗА КРАТКИ СРЕДБИ, ПИЕЊЕ НА ЧАЈ…

НА ДРУГА СТРАНА НА СЦЕНАТА ИМА ПОСТАВЕНО МНОГУ ЕДНОСТАВНА КЛУПА, БЕЗ ПОТПИРАЧ.

НА ПОДОТ ПОКРАЈ КЛУПАТА СЕДАТ ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102, ПАРТАЛАВО ОБЛЕЧЕНИ, ВО ВЕДРИ БОИ. ПРЕД НИВ Е ОТВОРЕН МОНОПОЛ. ИГРААТ СО ЗАМИСЛЕН ТРЕТ ЛИК.

ДВАЈЦАТА ПОКРАЈ НОЗЕТЕ ИМААТ ПО ЕДНО ШИШЕ ЕФТИНО ЦРНО ВИНО. ПОВРЕМЕНО ОТПИВААТ.

МУЗИКАТА ШТО ЈА ПРАТИ СЦЕНАВА Е МАКСИМАЛНО СПОКОЈНА, “КЛИНИЧКА” (ПР. МУЗИКАТА ВО “ЛЕТ НАД КУКАВИЧКОТО ГНЕЗДО”) – УШТЕ ШТО НЕ ЗАПЕАЛЕ ПТИЧКИ.

НА ПОЧЕТОКОТ СИТЕ ЛИКОВИ АПСОЛУТНО СЕ ВКЛОПУВААТ ВО БЛАЖЕНСТВОТО НА МУЗИКАТА.

РЕНФИЛД СЕ ОБИДУВА ДА ФАТИ МУВА. ОТКАКО ГИ ФАЌА ИЛИ ГИ ЈАДЕ, ИЛИ ГИ СОБИРА, ПА ГИ ЈАДЕ СИТЕ ОДЕДНАШ. СЕТО ТОА ГО ПРАВИ ЕЛЕГАНТНО, СПОКОЈНО, СО СТИЛ.

НА СЦЕНАТА ВЛЕГУВА Д-Р СЈУАРД ВО БЕЛ МАНТИЛ, СО ПОСЛУЖАВНИК СО ПОЈАДОК.

ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ102 РУТИНСКИ ГИ СОКРИВААТ ВИНАТА.

Д-Р СЈУАРД БЕЗ ЗБОР, СО НАСМЕВКА НА ЛИЦЕТО ОДИ ДО КАФЕЗОТ, РЕНФИЛД ЈА ОТВАРА ВРАТИЧКАТА. Д-Р СЈУАРД ОД ПОСЛУЖАВНИКОТ СИМНУВА ЕДНА ЧИНИЈА И МУ ЈА ПОДАВА НИЗ ВРАТИЧКАТА.

РЕНФИЛД:

Благодарам, докторе.

Д-РСЈУАРД:

Како е денеска со мувите?

РЕНФИЛД:

Не… мувите… мувите… не се мувите важни (штотуку лапнува една)… мувите не се суштината на животот…. Мувите се ситни… ситни… има поважни… поважни… поважни се (вади крупен пајак од кутија на дното на кафезот) пајаците! (му го покажува низ решетките. Д-р Сјуард отскокнува.)

Д-РСЈУАРД:

У пичку матер…

РЕНФИЛД:

Пајаците ги јадат мувите… во нив е животот од мувите… јас ги јадам пајаците (го лапнува пајакот)… во мене струи животот и на мувите и на пајаците….

Д-РСЈУАРД ВАДИ ЕДЕН ТЕФТЕР, ЗАПИШТВА.

Д-Р СЈУАРД:

Ренфилд – состојба вообичаена – опседнатост со продолжување на животот.

Д-Р СЈУАРД ПРОДОЛЖУВА КОН ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 И ИМ ОСТАВА ПО ЕДНА ЧИНИЈА.
Д-Р СЈУАРД ИЗЛЕГУВА ОД СЦЕНАТА.

РЕНФИЛД СТАВА ОД ХРАНАТА ВО УСТА. ЈА РАЗЏВАКУВА, ПРИТОА М'МКА, И ТАКА ИЗЏВАКАНИОТ ЗАЛАК ГО ВРАЌА ВО ЧИНИЈАТА. ЈА ДИГА ЧИНИЈАТА ВО ВОЗДУХ, ГИ МАМИ МУВИТЕ, ПОТОА СЕ ОБИДУВА ДА ГИ ФАТИ.
ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 НЕ МУ ОБРНУВААТ ВНИМАНИЕ НА РЕНФИЛД. ИГРААТ.

ПАЦИЕНТ 101:

Што ме гледаш? Играј.

ПАЦИЕНТ 102:

Еден, два, три, четири…. Мммм… железница… железницата е важно да ја имаш, најважно… после гледај колку ќе ми плаќаш, ако имаш, ако не, здравје брат… Купено!

ПАЦИЕНТ 101:

Еден, два, три… Да му ебам мајката!

ПАЦИЕНТ 102:

Ееее… кој не си мислел на време… шеснаесет милијони!

ПАЦИЕНТ 101:

Илијади!

ПАЦИЕНТ 102:

Сега за Зуљо… Бог да го прости. (фрла коцките) Добро му иде.

ПАЦИЕНТ 101:

Јен, два, три, четри, пет, шест… Купуеш Зуљо?

ПАЦИЕНТ 102:

Па купуе нормално…

ПАЦИЕНТ 101:

Овој ефтин е… само трошак му е… не купуе…

ПАЦИЕНТ 102:

Абе не го лажи човекот… после ќе му го купиш ти…

ПАЦИЕНТ 101:

Добро бе нека го купи…

ПАЦИЕНТ 102:

Така Зуљо… Слушај ја коа ќе ти кажам… Е толку од купуење…. Ахааааа… уште железницата и паркингот, останаа….

ПАЦИЕНТ 101:

Кој е на ред?

ПАЦИЕНТ 102:

Па после Зуљо секад сум ја…

ПАЦИЕНТ 101:

Јебо те Бог, ама ти е покварен речникот…. Каков писател си бил бе ти?

ПАЦИЕНТ 102:

Купујем! Со стил! Писател со стил, израз брат… едвај чекаа да напишам нешто… по улица ме запирале - абе кога нешто ново ќе ни напишеш… многу ти се добри… у трафика, и мини маркет, у автобус, секаде… Еееее… кога ти така, а?

ПАЦИЕНТ 101:

Туф, туф… У трафика… кој те знел бе тебе…

ПАЦИЕНТ 102:

Купујем!

ПАЦИЕНТ 101:

Што “купујјјјјееш“? Плаќаш. Мое е. 25 000.

ПАЦИЕНТ 102:

Спушти бе малце.

ПАЦИЕНТ 101:

Нкјууу…

ПАЦИЕНТ 102:

Де бе малце….

ПАЦИЕНТ 101:

Нкјуууу…

ПАЦИЕНТ 102:

На бе… свеќи да си купиш…

ПАЦИЕНТ 101:

“Платете илјада ако сакате да паузирате”… плаќам… Одмор.  Палма де Мајорка, кубанитаа… мучачоссс…

РЕНФИЛД СЕ КАЧУВА НА “ЛУЛАШКАТА” ВО КАФЕЗОТ И ПОЧНУВА ДА ПЕЕ ШПАНСКА ПЕСНА НА ЦЕЛ ГЛАС. ПРИТОА ГЕСТИКУЛИРА И КАКО ДА СВИРИ.

ПАЦИЕНТ 102:

Чибу бе… Ајде Зуљо, ти си. (самиот ги врти коцките) Јен, два, три… Лелллеее Зуљо брааат!!!! Паркингот брат… Абе ти сеа газда ќе ни бидеш.. Со ваков паркинг… Можеш тука на сите по една порција ребра да ни викнеш… Ребра момче… Купујеш Зуљо!

ПАЦИЕНТ 101:

Не купуе. Нема више пари!

ПАЦИЕНТ 102:

Како бе!?

ПАЦИЕНТ 101:

Јеби га, тхат’с тхе лифе… ааа… хоњ ит ис!!!

ПАЦИЕНТ 102:

Позајми му бе, другар ти е!

ПАЦИЕНТ 101:

Неам…

ПАЦИЕНТ 102:

Абе ќе пропадне човекот. Другар ти беше од дете…

ПАЦИЕНТ 101:

Дај му бе ти!

ПАЦИЕНТ 102:

Неам, ти си појак од мене…. Абе нека си продаде нешто… Си има, глеј хотели… ово-оно… Следен круг Зуљо, извини… Ти си.

ПАЦИЕНТ 101:

Не, ја на Палма де Мајорка сум… а се мислам да летнам до Ибица… Многу добри жени има таму… Многу…

ПАЦИЕНТ 102:

(игра) Ееееееј… не може…

ПАЦИЕНТ 101:

Плаќај! Ми требаат за на Ибица… Едно пичуленце како ме мерка….

ПАЦИЕНТ 102:

Да ти ибам пичуленцето, да ти ибам… Коа ќе се вратиш. Поштата денес не е сигурна, не ќе ти праќам пеесет милијони по пошта!?

ПАЦИЕНТ 101:

Плаќај пошто ќе ти пратам двајца по пошта, ќе ти го пикнат тој хотелскиот комплекс у г'з!!!!

ПАЦИЕНТ 102:

(го напаѓа) Ти ли бе мене, лигавицо… двајца… (му мава бокс, Пациент 101 се обеззнанува) педер да не сум ти ја… па у г'з… Пичуленцијња ќе бркал тој на Ибица.

ЗВУК НА ЅВОНЧЕ. ЅВОНИ. ДВАЈЦАТА ГО ИГНОРИРААТ.

РЕНФИЛД:

Ѕвони!

ПАЦИЕНТ 102:

Нико, Нико… (со шишето му потура вино на уста) Никоооо!!!! (Нико отвора очи)

ПАЦИЕНТ 101:

Ми го тураш виното бе!

ПАЦИЕНТ 102:

Од моето е. Стани!

ДОДЕКА ПАЦИЕНТ 101 СТАНУВА, ПАЦИЕНТ 102 ГИ ЗАМЕНУВА ШИШИЊАТА. ЅВОНИ.

ПАЦИЕНТ 101:

Ѕвони!

ПАЦИЕНТ 102:

Ѕвони!

РЕНФИЛД:

Ѕвони!

ПАЦИЕНТ 101 ГО ПОГЛЕДНУВА ПАЦИЕНТ 102, ПАЦИЕНТ 102 НЕВОЛНО СТАНУВА. ТРГНУВА КОН ВРАТАТА.

НА СЦЕНАТА ВЛЕГУВА Д-Р СЈУАРД. ЅВОНЧЕТО И НАТАКА ЅВОНИ. Д-РСЈУАРД ГО СПРЕЧУВА ПАЦИЕНТ102 ДА ОТВОРИ.

Д-Р СЈУАРД:

Јас ќе отворам.

ПАЦИЕНТ102 СЕ ПОВЛЕКУВА. ТРГНУВА КОН КЛУПАТА.
Д-Р СЈУАРД ЈА ОТВАРА ВРАТАТА. НА ВРАТАТА СТОИ МИНА ХАРКЕР ХАРКЕР.
Д-Р СЈУАРД НЕКОЛКУ МИГА, КАКО МАГЕПСАН, МОЛЧИ.

МИНА ХАРКЕР:

Јас сум Мина Харкер … стигнав порано… пријателката на Луси…

Д-Р СЈУАРД:

Јас сум Д-р Сјуард… студент на Професорот Ван Хелсинг, и пријател на Луси… Бог да ја прости…

МРАК.

*Сцена 3*

Д-Р СЈУАРД СЕДИ НА СТОЛИЦА КРАЈ МАЛАТА МАСИЧКА ЗА ЧАЈ. ЈА ОЧЕКУВА МИНА ХАРКЕР. ВЛЕГУВА МИНА ХАРКЕР, ВО РАКАТА НОСИ КУП ХАРТИИ.

МИНА ХАРКЕР:

Ќе појдеме во вашиот кабинет?

Д-РСЈУАРД:

Предлагам тука да се напиеме по шолја чај.

МИНА ХАРКЕР ПОГЛЕДНУВА КОН ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102. ТИЕ И НАТАКА ИГРААТ, САМО НЕ ЗБОРУВААТ НА ГЛАС, РЕТКО МРМОРАТ ПО НЕШТО.

Д-РСЈУАРД:

Тие не се тука…

СЕДНУВААТ НА СТОЛИЦИТЕ ПОКРАЈ МАЛАТА МАСИЧКА.
Д-Р СЈУАРД ПОСЛУЖУВА ЧАЈ.

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан, мојот маж Џонатан Харкер е во Витби, јас тргнав порано… Значи вие овдека работите…

Д-Р СЈУАРД:

И живеам… Се надевам дека брзо ќе се навикнете на Клиникава… Сигурно не ви е сеедно, но од тукашните случаи науката, цивилизацијата може да научи многу… еден од моите случаи може многу да ни помогне во откривањето на трагот на грофот…

МИНА ХАРКЕР:

Господинот Ван Хелсинг/….

Д-РСЈУАРД:

(гледа во земја)/ кога рече дека сте прекрасна, јас не можев ни да замислам дека сте волку прекрасна…

МИНА ХАРКЕР:

Благодарам… Луси се изразуваше со најубави зборови за вас…. И била во право….

ТАА СЕ ПРЕСЕКУВА, НЕМУ МУ ПАЃА НЕЗГОДНО. ЈА НАВЕДНУВА ГЛАВАТА.

МИНА ХАРКЕР:

Простете…. Јас и Луси бевме блиски…

Д-РСЈУАРД:

Ајде да се фатиме за работа… времето тече…

МИНА ХАРКЕР:

Јас имам голем мотив да се вклучам во вашата мисија, знаете…. Прво заради љубовта кон Луси, кутрата Луси… но сега душата ѝ е спасена, фала му на бога…. благодарение на вас… Второ, и во моментов заради мојот маж… Џонатан го знам одамна, и тој ми е сѐ на светот… Ви го донесов неговиот дневник… Оттука ќе можете да видите низ што сѐ Мина Харкер тој… И претпоставувам нема да ви се верува…

Д-РСЈУАРД:

Ахxx… можеби не ќе ми се веруваше да не бев јас тој што ѝ ги полнеше на Луси вените со крв, бидејќи тоа чудовиште ѝ ги празнеше… и да не ја видов нејзината смрт (по покрива лицето со дланките)…

МИНА ХАРКЕР:

Сакам да знам…

Д-РСЈУАРД:

Никако…

МИНА ХАРКЕР:

Должност ви е да ми раскажете…. Таа ми беше единствената пријателка…. (мала пауза) Вие немате доверба во мене… секако… вие не ме познавате… а јас од зборовите на Луси имам чувство како да ве познавам цел живот…

Д-РСЈУАРД:

(тивко) Дајте ми малку време…

КРАТОК МОЛК.
ВО ОЧИТЕ МУ СЕ ГЛЕДА БЕСКРАЈНО МНОГУ СИМПАТИЈА ЗА НЕА.
ТАА ТОА ГО ЗНАЕ.

МИНА ХАРКЕР:

Мажот ми…

Д-Р СЈУАРД САМО КЛИМНУВА СО ГЛАВАТА, СФАЌАЈЌИ ГО ПОТЕКСТОТ.

МИНА ХАРКЕР:

…Откако беше во Трасилванија… и му се случило сé она што е запишано во овој дневник… јас уредно го отчукав секој збор… јас не можев да го најдам со недели. Еден ден стигна писмо од санаториумот “Св. Јосип и Св. Марија” од Будимпешта… Таму го негувале со недели, не знаел за себе… бил сосема …. отиден… бладал работи кои часните сестри не се осудуваа да ми ги спомнат…. Кутриот тој… Полека се врати во нормала… но далеку од тоа што беше порано…. Заради неговото здравје… и разум, сакам да помогнам во уништувањето на тоа чудовиште… ни човек, ни лилјак, ни волк… и сé одеднаш.

Д-РСЈУАРД:

Вистината за нашата сакана Луси ќе ја дознаете од мојот дневник снимен во фонографот.

МРАК.

*Сцена 4*

ЗАСТРАШУВАЧКИ КРИК ОД УСТАТА НА РЕНФИЛД.
СВЕТЛО НА КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД.
ПАЦИЕНТ 101 ГРАДИ КУЛА ОД ПЕСОК. НА СЦЕНАТА ИМААТ ДОНЕСЕНО ЛОПАТКА И КОФИЧКА И ПЕСОК. ПАЦИЕНТ 102 МУ ЈА РУШИ. А ПАЦИЕНТ101 СИЗИФОВСКИ ПРОДОЛЖУВА ДА ЈА ГРАДИ.
НА СЦЕНАТА ДОТРЧУВА Д-Р СЈУАРД.

Д-Р СЈУАРД:

Што се случува?

РЕНФИЛД НАЈПОНИЗНО И НАЈМИЛО МУ СЕ НАСМЕВНУВА НА Д-Р СЈУАРД.
ВО ОФФ ЗВУК НА МАШИНА ЗА ПИШУВАЊЕ.

РЕНФИЛД:

Сакав да ви покажам нешто. Нешто многу убаво и мило. Сакате да видите?

Д-Р СЈУАРД КЛИМНУВА СО ГЛАВАТА.
РЕНФИЛД ОД ЗАД ГРБ ПОЈАВУВА МЛАДО ВРАПЧЕ. МИЛО И ЖИВО.

РЕНФИЛД:

Гледајте колку е нежно и убаво… гледајте… ве молам… најмногу на цел свет…. Ве молам… дозволете ми да го чувам…

Д-Р СЈУАРД РАЗМИСЛУВА НЕКОЕ ВРЕМЕ, ВОЗДИВНУВА.

Д-Р СЈУАРД:

Во ред Ренфилд… ти дозволувам….

СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА. РЕНФИЛД СЕ СМЕЕ НА ЦЕЛ ГЛАС ОД ЗАДОВОЛСТВО.
ВО ОФФ СЕ СЛУША ЧУКАЊЕ НА МАШИНА.
РЕНФИЛД ПУКНУВА КОН СВЕТЛОТО СО ПРСТИТЕ.
МРАК.

*Сцена 5*

ДОЦНА ВО НОЌТА. ИСТАТА СЦЕНОГРАФИЈА. АТМОСФЕРСКО СВЕТЛО САМО НА КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД.
РЕНФИЛД МРМОРИ ЗА СЕБЕ. ОД ГЕСТИКУЛАЦИЈАТА СФАЌАМЕ ДЕКА НАЈНЕЖНО И НАЈВНИМАТЕЛНО ГО УБЕДУВА ВРАПЧЕТО ДА ИЗЕДЕ ШТО ПОВЕЌЕ МУВИ И ПАЈАЦИ. ПРИТОА ГО ГАЛИ И МУ ЗБОРУВА НЕКОИ УБАВИ , НО ЗА НАС НЕРАЗБИРЛИВИ ЗБОРОВИ.
ВО ПОЛУМРАКОТ НА СЦЕНАТА, СЕ ГЛЕДА ЖАРЧЕ ОД ЦИГАРАТА НА Д-Р СЈУАРД КОЈ СЕДИ КАЈ МАСИЧКАТА ЗА ЧАЈ. НА СЕКОЕ ВОВЛЕКУВАЊЕ МУ СЕ ОСВЕТЛУВА ЛИЦЕТО ОД ЖАРОТ.
ВО ОФФ СЕ СЛУША ЧУКАЊЕ НА МАШИНА.
ЧУКАЊЕТО ПРЕСТАНУВА.
ЗВУК НА ЧЕКОРИ.

МИНА ХАРКЕР:

Што правите овде? Доцна е.

Д-РСЈУАРД:

Страдам… од несоница… од смртта на Луси…

МИНА ХАРКЕР:

Ооох…

Д-РСЈУАРД:

Ништо страшно, научив да ја користам за целите на науката… Во оваа моја установа најневообичаените нешта, светилките на патот на знаењето, се случуваат ноќе. Штета би било да се пропуштат, нели!?

МИНА ХАРКЕР:

Разбирам… што набљудувате сега?

Д-РСЈУАРД:

Дигестија на едно невино врапче…

МИНА ХАРКЕР:

Аааааах… Господи….

Д-РСЈУАРД:

Некои од овие луѓе ко Господ да ги има напуштено….

МИНА ХАРКЕР:

Тоа е оној пациент за кого толку зборувате во вашиот дневник….

Д-РСЈУАРД САМО КЛИМА СО ГЛАВАТА.

МИНА ХАРКЕР:

Ако не пречи, би сакала утре да го посетем со вас…

Д-РСЈУАРД САМО КЛИМА СО ГЛАВАТА.

Д-РСЈУАРД:

Камо да можев да ве одбијам…Одете легнете си. Набрзо ќе следи оној најгрозен момент. Од тоа нема да можете да заспиете. Легнете си.

И ЈА ЗЕМА ДЛАНКАТА И ЈА БАКНУВА.

МИНА ХАРКЕР:

Мислам дека нема да заспијам заради вашиот глас… на фонографот…

ТОЈ ЈА ПОГЛЕДНУВА.

МИНА ХАРКЕР:

Вашата болка ме погоди повеќе од што знам да опишам. Тоа е прекрасна машина, но е ѕверски вистнска. Ми ја раскажа, со највистинските валери на вашиот глас, сета ваша болка. Никој друг не би смеел тоа да го чуе…

Д-Р СЈУАРД ЈА ИСПИВА НА ЕКС ЧАШАТА ВИСКИ ШТО Е ПРЕД НЕГО.
ЈА ФАЌА МИНА ХАРКЕР ЗА РАКА И МОЛЧЕЈЌИ ЈА СЕДНУВА ПОКРАЈ СЕБЕ.
ТУРА ЖЕСТОК ПИЈАЛОК ЗА ДВАЈЦАТА.
НАЗДРАВУВААТ. ПИЈАТ.

Д-РСЈУАРД:

Страшно е да се умре сам. Ама ќе се снајдам. (ѝ намигнува)

МИНА ХАРКЕР:

Јa сакав Луси и знам колку таа ви значеше… Ние бевме како сестри, а сега кога неа ја нема дозволете ми да ви бидам сестра во секоја неволја… Дозволете да ви бидам пријател и да можете да дојдете кај мене секогаш кога ќе ви биде потребна утеха….

Д-Р СЈУАРД ЈА ЗЕМА ДЛАНКАТА, И БЕЗ НИКАКОВ КОМЕНТАР И ЈА БАКНУВА.
ТАА МУ ЈА ПРЕГРНУВА ГЛАВАТА. ИСКРЕНО ГО ДРЖИ ВО ПРЕГРАТКА.
ВО ТОЈ МОМЕНТ РЕНФИЛД ПОЧНУВА ДА ГО ПРОГОЛТУВА ВРАПЧЕТО.

Д-РСЈУАРД:

Госпоѓо Харкер ве молам не гледајте. Затворете ги очите и не гледајте.

Д-РСЈУАРД СО СВОЈАТА ДЛАНКА И ГИ ПОКРИВА ОЧИТЕ НА МИНА ХАРКЕР.
РЕНФИЛД ГО ПРОГОЛТУВА ВРАПЧЕТО. ОД УСТАТА МУ ЅИРКААТ ПЕРДУВИ.

Д-РСЈУАРД:

Ве молам сега заминете во вашата соба, и добра ви ноќ. Ноќта е опасно доба за искрени разговори… Како што знаете, тогаш шетаат злите сили, на кои ние се бориме да им се спротиставиме со нашиот здрав разум… а ноќта не е доба на здравиот разум… Заминете ве проколнувам… Заминете додека е безбедно… Не се опирајте… не мачете ме… Спасете ја вашата чесна душа во спокоен сон. Одете…

МИНА ХАРКЕР СО ТЕШКО СРЦЕ ТРГНУВА КОН СВОЈАТА СОБА.
Д-РСЈУАРД НАЛЕВА ВО СВОЈАТА ЧАША И ЈА ПИЕ НА ЕКС.
РЕНФИЛД ПОЧНУВА ОБИЛНО ДА ПОВРАЌА КРВ И ПЕРДУВИ, И ЦЕЛОТО ВРАПЧЕ НЕСВАРЕНО. СЕ ДАВИ И ПАЃА ВО СВОИТЕ ПОВРАЌАНИЦИ.
Д-РСЈУАРД СТАНУВА, МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА. СО ПУКАЊЕ НА ПРСТИТЕ ГО ГАСИ СВЕТЛОТО ШТО УДИРА ВО КАФЕЗОТ.

МРАК.

*Сцена 6*

САМО МЕСЕЧЕВАТА СВЕТЛИНА СВЕТЛИ ВРЗ КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД. СЕ ПРЕПОЗНАВА ФИГУРАТА НА Д-РСЈУАРД, ТОЈ СПИЕ НА СТОЛИЦИТЕ, А ВО РАКАТА ДРЖЕ ВЕЌЕ УГАСНАТА ИЗГОРЕНА ЦИГАРА.

НА МЕСЕЧЕВАТА СВЕТЛИНА, КАКО ОД ПРАШИНКИ СЕ ФОРМИРААТ ТРИТЕ ЃАВОЛИЦИ. НЕОДОЛИВИ.
СЕ РАСТРЧУВААТ ПО СЦЕНАТА. МУ СЕ ПРИБЛИЖУВААТ НА Д-Р СЈУАРД. ГО МИРИСААТ. СЕ МРШТАТ. НЕ ИМ СЕ ДОПАЃА.

РЕНФИЛД СЕ БУДИ ВО КАФЕЗОТ. СОСЕМА Е ЧИСТ ОД ПОВРАЌАНИЦИТЕ. ГИ ЧУВСТВУВА, ГИ ЗДОГЛЕДУВА. СО РАЦЕТЕ ГИ ПОВИКУВА.

РЕНФИЛД:

Дојдете… дојдете… тука.. сум… дојдете…

ТИЕ МУ СЕ ПРИБЛИЖУВААТ. НА НЕКОЈ ТАИНСТВЕН И НЕОБЈАСНИВ НАЧИН ВЛЕГУВААТ ВО НЕГОВИОТ КАФЕЗ.
“ТАНЦ НА СТРАСТА”. ТРИТЕ ВОДАТ ЉУБОВ СО НЕГО. РЕНФИЛД ИЗГЛЕДА СОСЕМА СВЕСЕН, И НЕ ПОКАЖУВА НИКАВИ ЕЛЕМЕНТИ НА ЛУДИЛО.
ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА “ТАНЦОТ” ТИЕ ИСЧЕЗНУВААТ КАКО ПРАШИНКИ.
(НЕ ГО КАСААТ, НЕ ПРАВАТ НИКАКВИ “ДРАКУЛСКИ” ПОТЕЗИ.)
РЕНФИЛД СЕ ПРЕВРТУВА НА ЛУЛАШКАТА КАКО ЛИЛЈАК И ЗАСПИВА СОСЕМА МИРЕН.
МРАК.

*Сцена 7*

БОЈАТА НА СЦЕНАТА Е СИВО-СИНА БОЈА НА МУГРА.
Д-Р СЈУАРД Е НА СТОЛИЦИТЕ, ЗАСПАН.
РЕНФИЛД СПИЕ.
ЗВУК НА КЛУЧ ВО БРАВА ШТО СЕ ОТКЛУЧУВА.
СЕ ПРЕПОЗНАВААТ СИЛУЕТИТЕ НА ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 НАТОВАРЕНИ СО ТОРБИЧКИ ПРЕКУ РАМО. ПРИЛИЧНО ПОЛНИ.
ИЗЛЕГУВААТ ОД СЦЕНА.
НЕКОЛКУ МИГА ТОТАЛЕН МИР.
ВРАТАТА ПОВТОРНО СЕ ОТВАРА.

СИЛУЕТА НА МАЖ. ВЛЕГУВА ТИВКО. ТОА Е ПРОФЕСОРОТ ВАН ХЕЛСИНГ. ПОСЕГНУВА ПО ЧАШАТА НА МАСАТА. ЈА МИРИСА. ЈА ОСТАВА. НАЗАД. ГО ФАЌА ШИШЕТО АЛКОХОЛ. ГО КЛАЦКА. ПРАЗНО Е. ГО ОСТАВА.
ПОТЕГНУВА ЕДНА СТОЛИЦА. ЗЕМА УШТЕ ЕДНА ЗА НОЗЕТЕ. ЛЕГНУВА ПОКРАЈ Д-Р СЈУАРД ПОЧНУВА ДА ГРЧИ.

БОЈАТА НА СЦЕНАТА СЕ МЕНУВА ВО ДЕН.
СЕ УШТЕ СИТЕ СПИЈАТ.
ЗВУК НА ЅВОНЧЕ.
СВЕТЛО КАЈ РЕНФИЛД.
РЕНФИЛД ПРВ СКОКНУВА ОД ЛУЛАШКАТА.

РЕНФИЛД:

Господару, Господару… толку ве чекав… Дали е тој… Дали е тој…

ПОВТОРНО ЗВУК НА ЅВОНЧЕ.
Д-Р СЈУАРД ПОДРИПНУВА. СЕ БУДИ.
ВО ИСТИОТ МОМЕНТ СЕ БУДИ И ВАН ХЕЛСИНГ.

Д-РСЈУАРД:

(изненаден) Професоре!

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ѕвони!

Д-РСЈУАРД:

Ѕвони!

ВАН ХЕЛСИНГ:

Отвори.

Д-РСЈУАРД:

Не очекуваме никого.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тој што го чекаме не ѕвони по влезни врати.

РЕНФИЛД СЕ НАТАЖУВА. СЕДНУВА НА ПОДОТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мора да е Џонатан Харкер.

Д-Р СЈУАРД ОТВАРА. НА ВРАТА СТОИ ЏОНАТАН ХАРКЕР.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

(на Д-р Сјуард) Јас сум Џонатан Харкер…. Тој што ја преживеа Трансилванија…

СЕ РАКУВААТ СО Д-Р СЈУАРД.

Д-РСЈУАРД:

Д-р Сјуард – управител на клиникава. Добре ни дојде.

ВАН ХЕЛСИНГ СТАНУВА И СРДЕЧНО СЕ ПРЕГРНУВААТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Среќното момче… знаете дека ја знам вашата биографија… од вашиот дневник… ТИ си силен и храбар човек… Добредојде!

СЕДНУВААТ.
ВЛЕГУВА МИНА ХАРКЕР.

Д-РСЈУАРД:

Алкохол или чај… Појадокот за некоја минута ќе биде готов… Ааа… еве ја и г-ѓа Харкер.

МИНА ХАРКЕР:

Добро утро. (на Ван Хелсинг) Ми недостигавте.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Еве ме.

МИНА ХАРКЕР:

(на Џонатан) Добро утро, носе… (го бакнува на носот) Убаво патуваше?

СЕДНУВА ПОКРАЈ НЕГО.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Одлично.

Д-Р СЈУАРД:

Како ја Мина Харкервте нoќта?

МИНА ХАРКЕР:

Замислете спиев како бебе. Заборавив на грофот, заборавив на оваа клиника, на луѓето овде…. Прекрасно се наспав… а замислете, си ги заборавив пилулите за спиење.

Д-РСЈУАРД:

Ви кажав дека вашата соба е сосема безбедна за спокоен сон. Таму никогаш ништо лошо нема да ви се случи.

Д-РСЈУАРД ВАДИ ОГРОМЕН ПОСЛУЖАВНИК СО МАЛИ СЕНДВИЧИ. ГО ДОВОЗУВА БИФЕТО ПОЛНО СО СЕКАКВИ ПИЈАЛОЦИ, СОКОВИ, ЈОГУРТИ….

Д-РСЈУАРД:

Послужете се мои пријатели, денеска сме препуштени самите на себе.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Да наздравиме во чест на вашето доаѓање.

НАЗДРАВУВААТ СО “ДОБРЕДОЈДОВТЕ – ДОБРЕНАЈДОВМЕ”.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Да започнеме со состанокот. Ќе ви кажам со каков вид на непријател треба да се соочиме, и ќе ви раскажам по нешто од историјата на овој човек. Потоа ќе се договориме што да правиме и како да дејствуваме. Значи, вампири постојат. Носферату не умира, како пчелите кога еднаш ќе каснат. Од тоа станува сé посилен. Силен е колку двесет луѓе. Полукав е и од нас смртните, затоа што лукавството му растело со векови. Владее со мртвите, и сите мртви со кои може да дојде во контакт се под негова команда. Тој е ѕвер и повеќе од тоа. Тој во суштина е ѓавол, ама неговото срце не е. Со извесна ограниченост тој може да се појави кога сака, како сака, и во кој облик сака. Може да управува со бурите, маглата и громовите. Може да им наредува на: глувците, волците и лилјаците…

Може да се зголеми или да се смали.  Повремено може да исчезне и да стане непрепознатлив. Како тогаш да почнеме борба со него?  Како да го најдеме каде е? Како да го уништиме?

Пријатели мои. Ова е ужасна задача. Последиците можат да бидат страшни. И најхрабрите во ова ќе затреперат. Ако ние потфрлиме, во оваа наша борба, тој секако ќе победи. И каде тогаш? За животот не се секирам. Ова не е прашање на живот и смрт. Ако тој победи и ние ќе станеме како него, од тогаш и ие ќе бидеме нечисти деца наноќта како и тој – без срце и свест. Вратата на рајот за нас ќе биде затворена засекогаш. Со тек на време сите ќе се грозат од нас. Дамка на лицето на божествената светлина, стрела в грб на оној кој умре за нас луѓето.

Но, смееме ли да се плеткаме во ова? Јас би рекол не. Но, јас сум стар, и проживеав многу од сонцето на плажите, убавите места, музиката, љубовта… Ама вие сте млади. Некои од вас веќе многу страдаа, но и убави денови има пред вас. Сигурни ли сте дека сакате да учествувате во ова, и да го ставите својот живот и чистотата на својата душа на коцка?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Јас одговарам за себе и за мојата сопруга. Ние се приклучуваме.

Д-Р СЈУАРД:

Јас сум веќе со вас професоре.

ВАН ХЕЛСИНГ ОД ЧАНТАТА ВАДИ КРСТ, ГО СТАВА НА МАСАТА. СИТЕ СЕ ФАЌААТ ЗА РАЦЕ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Сега сме во свет завет, до неговото уништување. Така е?

СИТЕ:

Така е.

СЕ ПУШТААТ.
ГИ ЗЕМААТ ЧАШИТЕ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Значи… ние сме единствени… Јас би наздравил во чест на нашето здружување, и отпочнување на оваа света мисија на која се колнеме сите дека ќе останеме доследни до крај, до исчистување на злото од ликот на земјата… Нека ни е бог на помош. Во таа чест (ја подига чашата).

СИТЕ ГИ ПОДИГРААТ ЧАШИТЕ СО ЗБОРОВИТЕ “ВО ТАА ЧЕСТ”.

МИНА ХАРКЕР:

Ноќеска работев до доцна. И мислам дека завршив голема работа. Ги прекуцав сите дневници… во по неколку копии. Така ќе можеме да ги споредиме датумите и да го следиме движењето на Грофот. Ќе дознаеме каде и кога е отседнат во Лондон.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Јас веќе ја имам таа информација. Се сеќавате на “Деметра” бродот што сам се укотви на пристаништето во Витби?

КЛИМААТ И ЈАДАТ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Со него пристигнале 50 сандуци земја, божем за експерименти… и еден пес, кој е виден како излегува од бродот, но никогаш подоцна не е најден. Тоа не било пес. Дракула, во обик на волк. Една тукашна фирма била ангажирана да ги однесе сандуците во Квинси, стариот замок што јас го најдов. Грофот е сместен во наша близина. Тука е. Се надевам дека педесетте сандуци се сите на едно место…

ВАН ХЕЛСИНГ:

… Но тоа не би имало логика…

Д-РСЈУАРД:

Да… Тој можел до сега да ги распореди секаде низ земјава…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не толку брзо…

МИНА ХАРКЕР:

Затоа треба да побрзаме…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Никако…. Мора да ни е јасно дека си имаме работа со злото лично… и мора да поставиме многу здрава основа за да делуваме….

МИНА ХАРКЕР:

Мора да откриеме каде се прераспоредени другите сандуци…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Вие и вашиот сопруг засега сте задолжени да ја подготвите хронологијата на настаните…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Да тоа ќе ни биде од голема помош.

МИНА ХАРКЕР:

Еден примерок од сé тоа мора да ставиме во сефот… тоа би било за после нас… ако не дај боже…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Мина Харкер, не мисли на тоа…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Никако… Вие, Мина Харкер, сте сосема безбедна… ние ќе гарантираме за вашата сигурност… Ништо не смее да му се случи на така нежно и мило суштество како вас.

Д-Р СЈУАРД:

За таа цел предлагам таа да не учествува во ниту еден тактички потфат… Вие ќе бидете нашата логистика…

ВАН ХЕЛСИНГ:

И нема потреба да ги знаете сите потресни детали со кои ќе мора да се соочиме…

Д-Р СЈУАРД:

Се согласувате господине Харкер?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Сосем….

МИНА ХАРКЕР:

Ама….

ВАН ХЕЛСИНГ:

Нема ама…. Вие сте со машко срце, но со женски лик. Таа нежност мора да се чува.

МИНА ХАРКЕР:

(поласкана) Како што ќе речете вие Професоре…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Сега најважното. Она што никој од нас не смее да го заборави, во ниту еден момент. Ние сме во предност. Ние знаеме со кого си имаме работа. Ја имаме моќта да комбинираме, имаме научни списи, слободни сме да дејствуваме и да мислиме. Го имаме и денот и ноќта, и слободно можеме да ги користиме. Ние сме единствени и предани на оваа задача. И ние сме повеќе. Ние сме во предност. Запамтете го тоа.

И второ: Тој има безброј моќи, но од друга страна е поголем затвореник од самите робови во галиите, и од лудаците во ќелиите. Не може да оди каде сака. Не може сам да влезе во некоја куќа, ако претходно некој не му отвори, но потоа сам доаѓа кога ќе посака. Неговите моќи слабеат со доаѓањето на денот. Денски е послаб и од најслабиот човек. Постојат неколку работи што му ја одземаат моќта. А тоа се лукот, крстот, гранката од дива ружа во неговите ковчези го држи во ковчегот и не може да излезе. Свето зрно испукано во ковчегот би го убило на лице место. Исто така, и колецот спроведен низ неговото срце го смирува засекогаш. Како што знаете и пресекувањето на главата го успокојува. Бар тоа го видовме со сопствени очи.

Значи, ако го најдеме заспан во ковчег веднаш можеме да го уништиме. И на тоа јас најмногу се надевам.

ЏОНАТАН ХАРКЕР НЕКОЛКУ МИГА ПРЕД ЗАВРШУВАЊЕТО НА НА КАЖУВАЊЕТО ВАН ХЕЛСИНГ ГЛЕДА НЕКАДЕ ВИСОКО НА ТАВАНОТ. ПОЛЕКА ВАДИ ПИШТОЛ ОД ПОЈАСОТ И ПУКА.

СИТЕ СЕ ПРЕПАДНУВААТ. МИНА ХАРКЕР ВРЕСНУВА.

ЗА МИГ СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА И СИТЕ НА НЕА. СЦЕНАТА ГО ГУБИ И ТОНОТ.

СЕ СЛУША ГЛАСОТ НА РЕНФИЛД. НА СЦЕНАТА СВЕТЛОТО НА НЕГОВИОТ КАФЕЗ Е УГАСНАТО.

ГЛАСОТ НА РЕНФИЛД:

Господару… ви се поклонувам… смилостете му се на вашиот покорен слуга… Јас ве чекам, јас ве чекам… Господаруууу… Господаруuu…

СЦЕНАТА СЕ ОТКОЧУВА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Простете, ве молам, простете… Мина Харкер… мила… тоа беше лилјак. Мразам лилјаци, ги мразам и најмалите лилјаци.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Го убивте ли бар?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не знам. Некако исчезна.

Д-Р СЈУАРД:

Ренфилд!

МРАК.

*Сцена 8*

СВЕТЛО НА КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД. РЕНФИЛД, ТАЖЕН И ЗАМИСЛЕН СЕ ЛУЛА НА ЛУЛАШКАТА.
ВЛЕГУВА Д-Р СЈУАРД СО ЧИНИЈА ХРАНА ВО РАКАТА.

Д-РСЈУАРД:

Добро утро, Ренфилд.

РЕНФИЛД:

(веднаш го менува расположението) Докторе, докторе… ќе сакате ли да ми дадете малку шеќер… така мувите побрзо доаѓаат…

Д-РСЈУАРД:

Мислев дека заврши со мувите.

РЕНФИЛД:

Тоа беше привремено. Ќе ми дадете?

Д-РСЈУАРД:

Секако. Отвори ја вратичката, ти носам појадок.

РЕНФИЛД:

Благодарам.

Д-РСЈУАРД:

Ренфилд, дали е ти пречи што една дама сака да те види?

РЕНФИЛД:

Зошто?

Д-Р СЈУАРД:

Таа ја посети клиникава. Сака да види кој сé е тука…

РЕНФИЛД:

Ок. Нека влезе. Само момент да ја средам собава.

ТОЈ ГИ ПРОГОЛТУВА СИТЕ СОБРАНИ МУВИ.

РЕНФИЛД:

Може.

ВЛЕГУВА МИНА ХАРКЕР.

МИНА ХАРКЕР:

Добар ден, Ренфилд…

ТОЈ САМО ЈА ГЛЕДА.

МИНА ХАРКЕР:

Д-р Сјуард ми зборуваше за тебе…

ТОЈ УШТЕ МОЛЧИ И ЈА ГЛЕДА.

РЕНФИЛД:

Вие не сте девојката за која Д-р Сјуард сакаше да се ожени, нели? Не може вие да сте таа, затоа што таа е мртва.

Д-Р СЈУАРД Е ШОКИРАН.

МИНА ХАРКЕР:

Јас сум госпоѓа Харкер. Се омажив многу пред да го сретнам Д-р Сјуард.

РЕНФИЛД:

Што правите тогаш тука?

МИНА ХАРКЕР:

Јас и мојот маж дојдовме да го посетиме Д-р Сјуард.

РЕНФИЛД:

Епа немојте да се задржите…

МИНА ХАРКЕР:

Зошто не?

Д-Р СЈУАРД:

Од каде знаеш дека сум сакал воопшто да се женам?

РЕНФИЛД:

Ама глупо прашање!

МИНА ХАРКЕР:

Зошто глупо?

РЕНФИЛД:

Видете госпоѓо Харкер… ќе треба да се обидете да сфатите дека кога некој е толку сакан и почитуван како нашиот домаќин, сѐ што е важно за него важно е и за нашата заедница. Д-р Сјуард не го сакаат само домашните и пријателите, туку и пациентите, кои, иако понекогаш се неурамнотежени, способни се да разликуваат причина од последица… Па откако сум тука, во ова засолниште за лудаци, сакал – несакал ги забележувам софистицираните намери на поединците кои живеат тука.

Д-РСЈУАРД:

Ухxx… (го вади тефтерчето и запишува нешто)

МИНА ХАРКЕР:

Зошто си тука Ренфилд?

РЕНФИЛД:

Затоа што јас сум пример на човек кој имаше едно чудно убедување. Не е ни чудо што моите пријатели се вознемирија и побараа да ме стават под лекарски надзор. Замислував дека животот е позитивен и вечен ентитет и дека со внесувањето во себе на голем број на живи нешта, колку и да се наоѓаат на низок степен на развиток, човек може да го продолжи животот до бескрај. На моменти толку силно верував во тоа што се обидов и да

одземам човечки живот. Нели докторе? Тој ќе ви потврди дека во една прилика се обидов да го убијам за да ги зајакнам своите животни сили со впивање на неговиот живот преку неговата крв, во своето тело. Секако се држев до онаа библиската “затоа што крвта е живот”… ама малку буквално ја искористив, нели докторе?

Д-РСЈУАРД САМО КЛИМНУВА СО ГЛАВАТА. ИЗБЕЗУМЕН ОД ПРЕСВРТОТ ВО ЛИЧНОСТА НА РЕНФИЛД.

Д-РСЈУАРД:

Ние мораме да одиме, нели Мина Харкер?

МИНА ХАРКЕР:

Да, веќе доцниме.

РЕНФИЛД:

И потрудете се да го одвлечете тоа убаво лице некаде далеку одовде, госпоѓо Мина Харкер. И никогаш да не се вратите. Нека Тој нека ве благослови и чува!

Д-РСЈУАРД ГО ГАСНЕ СВЕТЛОТО НАД КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД.

МИНА ХАРКЕР:

Тој е сосем во ред.

Д-Р СЈУАРД:

Секако, но не видовте дека секунда пред да влезете изеде куп муви, и со полна уста крила ви ги кажуваше оние мудрости.

ИЗЛЕГУВААТ ОД СЦЕНАТА.

*Сцена 9*

СОБАТА НА МИНА ХАРКЕР И ЏОНАТАН ХАРКЕР.
БРАЧЕН КРЕВЕТ. НА ДНОТО НА СЦЕНАТА ИМА ВРАТА. ДВАЈЦАТА СЕ УДОБНО СЕДНАТИ НА КРЕВЕТОТ СО МИЛИОН РАСФРЛАНИ ХАРТИИ. И ЕДНА МАШИНА ЗА ПИШУВАЊЕ. МИНА ХАРКЕР Е ПРЕД МАШИНАТА. ЏОНАТАН ДИКТИРА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

“моите очекувања се покажаа погрешни…”

МИНА ХАРКЕР ЧУКА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

… “затоа што Луси во текот на ноќта ме будеше два пати….”

МИНА ХАРКЕР НЕ ЧУКА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

… “затоа што Луси во текот на ноќта ме будеше два пати….” Пишувај!

ТАА СЕ ПРЕМЕСТУВА ПОКРАЈ НЕГО, СЕДНУВА. МУ ЈА СТАВА РАКАТА НА ОБРАЗОТ И НЕЖНО, НЕЖНО ГО БАКНУВА. А ПОТОА СЕ ПОСТРАСНО. ТОЈ И ГИ ФАЌА ДЛАНКИТЕ И ЈА ТРГА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не…

МИНА ХАРКЕР:

Пушти ме…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не… мора да работиме…. Немаме време…

МИНА ХАРКЕР СЕ МУРТИ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не смееме да се опуштаме.

МИНА ХАРКЕР ГО БАКНУВА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ние сме тргнати да го уништиме Дракула. Мина Харкер, само јас знам колку е тоа опасно и страшно. Концентрирај се на тоа.

МИНА ХАРКЕР:

Се плашам за нас.

ГО БАКНУВА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Само мислите на тебе ме спасија да не умрам од страв.

МИНА ХАРКЕР ГО ГУШКА, И СТРАСНО ГО БАКНУВА .

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не–мој!

МИНА ХАРКЕР:

Сакам да те бакнувам…. Пушти ме…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Тоа е болно перверзно…. Во една лудница забаталена на крајот на светот, и куп лудаци на едно место, што врескаат од секаде… И Грофот лично кој не облетува, ти мислиш на бакнување!?

МИНА ХАРКЕР:

(смешкајќи се) Да.

МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА, НЕЖНО ГО БАКНУВА. ЏОНАТАН СЕ ПРЕДАВА НА БАКНЕЖОТ,

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Тргни се.

МИНА ХАРКЕР:

Зошто?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Знам каде води ова. Остави ме…

МИНА ХАРКЕР:

Ти не се ни трудиш…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Нема за што да се трудиме… Или ќе помине само од себе или нема…. Тоа е тоа…

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан… не сум ти привлечна…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Од шокот ми е… Не ми прави потешко…

МИНА ХАРКЕР:

Сакам да водам љубов со тебе…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Сакам и јас. Престани.

МИНА ХАРКЕР:

Не сакаш!

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Престани.

МИНА ХАРКЕР:

Не можам вака.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Се стемнува, ќе треба да појдам. Имаме работа.

МИНА ХАРКЕР:

Не бегај од проблемот.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не сакам да зборувам за тоа, остави ме! Ако ова те фрустрира прави што сакаш… како сакаш… (станува, си ги облекува панталоните) остави ме едноставно…

МИНА ХАРКЕР:

Мора да се соочиш со таа Трансилванија… сé ќе пропадне…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Еве се соочувам!

ЈА ТРЕСКА ВРАТАТА ОД НАДВОР.

МИНА ХАРКЕР СЕ ЗАВАЛУВА ВО КРЕВЕТОТ И СЕ РАСПЛАКУВА НА ЦЕЛ ГЛАС.

МРАК ОД ОНОЈ СТРАШНИОТ КОГА НИЗ ТЕМНИНАТА СЕ ТРКАЛААТ СВЕТУЛКАВИ ПРАШИНКИ.

*Сцена 10*

ЗВУК НА ЧУКАЊЕ НА ВРАТА.
НЕЖНО, ОДВАЈ ВИДЛИВО СВЕТЛО НА МИНА ХАРКЕР.
МИНА ХАРКЕР ЈА ПОДИГА ГЛАВАТА.

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Мина Харкер!

МИНА ХАРКЕР НЕ СТАНУВА ОД КРЕВЕТОТ.

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Мина Харкер, се загрижив за вас, слушнав чудни звуци.

МИНА ХАРКЕР СТАНУВА ОД КРЕВЕТОТ.

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Мина Харкер, ако ви е лошо дозволете да ви помогнам. Имајте доверба.

МИНА ХАРКЕР ЈА ОТВАРА ВРАТАТА ОД ЗАД КОЈАШТО ДОАЃА ГЛАСОТ. ТАМУ ИМА САМО БЕЛА СВЕТЛИНА. (БЕЛ РЕФЛЕКТОР ВПЕРЕН ВО НЕА И ВО ПУБЛИКА.)

МИНА ХАРКЕР:

Професоре, не ве гледам.

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Добро сте?

МИНА ХАРКЕР:

Да.

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Д-р Сјуард мислеше дека еден од нас треба да го набљудува Ренфилд… тој очекува знаци на присуството на Дракула… Јас останав…

МИНА ХАРКЕР:

Добро.

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Мислев… ако не работите… и ако не спиете… симнете се на чај ако сакате… вечерта е долга…

МИНА ХАРКЕР:

Ќе дојдам…

ГЛАСОТ НА ВАН ХЕЛСИНГ:

Ќе ве чекам во салонот.

МИНА ХАРКЕР:

Добро.

МИНА ХАРКЕР ЈА ЗАТВАРА ВРАТА.
НОРМАЛНО СВЕТЛО ВО СОБАТА.
СИЛНО И ТЕМЕЛНО СИ ГО СЕКНЕ НОСОТ.
СТАВА КАПКИ ВО ОЧИТЕ.
СЕДНУВА ПРЕД ГОЛЕМОТО ОГЛЕДАЛО.
ЈА КОРИГИРА РАЗМАЧКАНАТА ШМИНКА.
ОБЛЕКУВА БЕЛИ ПОДВЕЗИЦИ ПОД СНЕЖНО БЕЛ ФУСТАН.
ЈА ПРАВИ ФРИЗУРАТА.
СТАВА ПАРФЕМ.

МРАК.

*Сцена 11*

СВЕТЛО НА КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД.
ЗВУК НА ШТИКЛИ.

РЕНФИЛД:

Дали тоа ги слушам чекорите на онаа прекрасна Госпоѓа Мина Харкер? Дали? Дали? Таа е сѐ уште тука?

МИНА ХАРКЕР СЕ ПРИБЛИЖУВА КОН КАФЕЗОТ. ПРЕКРАСНА И ЗАВОДЛИВА.

МИНА ХАРКЕР:

Добро вечер, Ренфилд.

РЕНФИЛД:

… Тргнете ја таа маска…

МИНА ХАРКЕР:

Како се чувствуваш денес?

РЕНФИЛД:

Лошо. Зошто сте сé уште тука!?

МИНА ХАРКЕР:

Не сакаш да ме гледаш?

РЕНФИЛД:

Напротив, најмногу од сé. Ама заминете, заминете веднаш.

МИНА ХАРКЕР:

Ренфилд, сакаш малку шеќер?

РЕНФИЛД:

Каков шеќер? Мувите, пајаците… врапците… мачките… сега веќе ич не се важни… Очите на оние кој ја чекаат невестата, се тешат со девериците. Ама кога невестата ќе се појави, во нивните очи за девериците повеќе нема место.

РЕНФИЛД СЕ ПРИБЛИЖУВА НАЈМНОГУ ШТО МОЖЕ ДО РЕШЕТКИТЕ НА КАФЕЗОТ, А СО ТОА И ДО МИНА ХАРКЕР.
МИНА ХАРКЕР ОТСТАПУВА.

РЕНФИЛД:

Се плашите од мене? Нема потреба од тоа, никогаш не би ви нанел никакво зло. Попрво себеси, отколку вам. Ве молам… Не заминувајте сега.

МИНА ХАРКЕР:

Во ред…

РЕНФИЛД:

Тргнете ја маската пред мене, нема потреба од тоа… развив чудна моќ… гледам она што вие сега не го гледате… но ќе го видите…. Дајте ми ја раката…

МИНА ХАРКЕР СЕ ДВОУМИ.

РЕНФИЛД:

Верувајте ми. (*таа му ја подава раката. Тој и ја допира и ѝ ја милува со многу љубов.*) Колку е нежна и убава вашата дланка. Чувајте се. Сте тргнале во голема неволја… запомнете го ова… За кратко нема веќе да можам да ви го повторам…. Го гоните злото, Господарот, Грофот Дракула, Сеништето низ вековите, Ѕверот, Живиот-мртовец, Вампирот, а всушност тој вас ве гони…

РЕНФИЛД ЈА ДОБЛИЖУВА НЕЈЗИНАТА ДЛАНКАТА КОН НОСОТ. ТАА СИЛНО ЈА ПОВЛЕКУВА ДЛАНКАТА ЗА ДА ЈА ИЗВЛЕЧЕ, НО ТОЈ ЈА ЗАДРЖУВА.

РЕНФИЛД:

Не плашете се!

ЈА ДОБЛИЖУВА ДЛАНКАТА ДО НОСОТ И ЈА МИРИСА. СО МНОГУ КОНЦЕНТАРЦИЈА. ЗАНЕСНО.

МИНА ХАРКЕР:

Од каде знаете сѐ тоа…

РЕНФИЛД:

Шшшшшшшт…. не…. Слушнете ме, и запомнете… *(ѝ се приближува најблиску што е можно преку решетките)*…. Во доверба…. Тој никогаш нема да дојде ако еднаш не му ја отворите вратата… а потоа ќе влегува без да чукне… Ќе биде ваш Господар… Пазете…. Тој така слатко и понизно моли, преколнува, ветува, што секој би му поверувал. Пазете… ќе ви вети сѐ што некогаш сте посакале… Ќе чуете сѐ што посакувате да чуете… Така ќе стане ваш Господар…. Немојте да се извалкате Мина Харкер, сѐ уште за вас има шанса. Сега сѐ уште можете… Збогум… Збогум… Не доаѓајте веќе кај мене…. Збогум.

МИНА ХАРКЕР ИСТРЧУВА КОН САЛОНОТ.

МИНА ХАРКЕР И СИТЕ НА СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВААТ[1] ВО ПОЗИТЕ.
МИНА ХАРКЕР ВО ТРЧАЊЕ.
ВАН ХЕЛСИНГ СО ШИШЕТО ВИСКИ.

СНОП НА РЕНФИЛД. РЕНФИЛД КЛЕКНУВА НА КОЛЕНА.

РЕНФИЛД:

Тука сум да ги извршувам вашите наредби, Господару. Роб сум ваш и вие ќе ме наградите затоа што ќе ви бидам верен. Јас одамна ве почитувам. А сега кога сте блиску, ги чекам вашите наредби, а вие нема за ме заобиколите, нели, мил Господару, кога ќе ги делите наградите!? Ќе чекам со трпение, Господару… Дојдете! Дојдете! Дојдете!

*Сцена 12*

СИТЕ НА СЦЕНАТА СЕ ОТКОЧУВААТ.
МИНА ХАРКЕР ДОАЃА ВО САЛОНОТ ПОКРАЈ ВАН ХЕЛСИНГ.
ВАН ХЕЛСИНГ СИ ТУРА ПИЈАЧКА.
МИНА ХАРКЕР МОЛЧЕЈЌИ ПРИНЕСУВА ЧАША ЗАСЕБЕ.
ВАН ХЕЛСИНГ И ТУРА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Бледа сте. Добро ви е?

МИНА ХАРКЕР:

Да.

ОД ОВОЈ МОМЕНТ, ПА ДО КРАЈОТ НА СЦЕНАТА, МИНА ХАРКЕР Е БЕСКРАЈНО КОКЕТНА

ВАН ХЕЛСИНГ:

Сте зборувале со Ренфилд.

МИНА ХАРКЕР МОЛЧИ.

---

[1] Од сега па натаму секое укочување на сцената и ликовите на неа е како фотографија.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тоа не е баш паметно.

МИНА ХАРКЕР МОЛЧИ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Што ви рече?

МИНА ХАРКЕР:

Некои неповрзани работи.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Неповрзаните работи, за жал, речиси секогаш се поврзуваат… кога е веќе доцна.

МИНА ХАРКЕР:

Ах… професоре… посакувам барем за миг да ги имам вашите моќи и знаење… вие сте така посебен човек.

ВАН ХЕЛСИНГ НАЛЕВА ПО УШТЕ ЕДНА ЧАША. НАЗДРАВУВААТ.

МИНА ХАРКЕР:

За нас.

ВАН ХЕЛСИНГ:

И за мисијата…

МИНА ХАРКЕР:

Се прашувам дали е тој заводлив?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Се мисли дека е…

МИНА ХАРКЕР:

Толку се плашам.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Нема потреба, драга моја, нема ни причина… вие сте сосема безбедна покрај мене…

МИНА ХАРКЕР:

А што ќе биде со кутриот мој Џонатан!? Тој сé уште не е сосем закрепнат… Се буди во кошмари, облеан во пот од страв… вреска како луд… се буди во мигот пред трите ѓеволици да ги заријат забите во неговиот врат…. Кутриот тој…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не го сожалувајте својот маж Мина Харкер, тоа може лошо да влијае на неговата машкост…

МИНА ХАРКЕР:

Мислев/….

ВАН ХЕЛСИНГ:

/…Тој има најголем мотив од сите нас… тој сака да му се одмазди на она чудовиште за тортурата во Трансиванија…

ЈА СТАВА РАКАТА НА ВНАТРЕШНАТА СТРАНА НА БУТОТ НА МИНА ХАРКЕР. МИНА ХАРКЕР СЕ СЕПНУВА, ВО ИСТО ВРЕМЕ И СЕ УЖАСНУВА, И И СЕ ДОПАЃА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Имајте трпение со него Мина Харкер. Животот е како брод кој де се лула при налет на ветер, де спокојно плови напред… Нам сега…

СТИГНУВА ДО ГАЌИЧКИТЕ.
ЈА ПИПКА.
НА НЕЈЗИНОТО ЛИЦЕ ИМА МИГОВИ НА БЛАГ ОТПОР, НО И НА ДЛАБОКО ПРЕДАВАЊЕ.
РЕТКИ СЕ И ТИВКИ НЕЈЗИНИ ВОЗДИШКИ. ПОЛЕКА ДОБИВААТ ИНТЕНЗИТЕТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

… нам сега ветрот ни е поволен… ние сме на добар пат, да го прогониме тоа чудовиште од нашите животи, од нашите мисли, од нашите соништа, од нашата приказна, од нашата татковина, од овој свет, каков и да е….

ДВАЈЦАТА СЕ ПРЕДВААТ НА ЕРОТСКАТА ИГРА КОЈА ПРОДОЛЖУВА.
ВОЗДИШКИТЕ НА МИНА ХАРКЕР КУЛМИНИРААТ.

СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА СО ЛИКОВИТЕ ВО ЗАТЕЧЕНИТЕ ПОЗИ, САМО РЕНФИЛД Е СЛОБОДЕН.

РЕНФИЛД:

Се покорувам на вашите моќи Господару… Разбирам Господару… Ќе направам сé како што ќе повелате… Крв… Крв… полна живот…

РЕФИЛД ПАЃА УМОРЕН, БЛЕД И ИСПОТЕН НА ПОДОТ НА КАФЕЗОТ, ДИШЕ ДЛАБОКО И ГЛАСНО. МАШКИ.
СЦЕНАТА СЕ ОТКОЧУВА.
РАКАТА НА ВАН ХЕЛСИНГ СЕУШТЕ Е ВО ГАЌИЧКИТЕ НА МИНА ХАРКЕР.
ТАА ДИШЕ ДЛАБОКО И ПРИЛИЧНО ГЛАСНО.
СЕ ПОВЛЕКУВА, НАНАЗЕД КОН СТОЛЧЕТО.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Колку проклето многу ви се допадна ова!

МИНА ХАРКЕР МУ УДИРА СИЛНА ШЛАКАНИЦА.
ИСТРЧУВА ОД СЦЕНАТА.
МРАК.

*Сцена 13*

УТРО. САЛОНОТ. ЏОНАТАН, ВАН ХЕЛСИНГ, Д-Р СЈУАРД СЕ РАСПОРЕДЕНИ ОКОЛУ МАСАТА.
МИНА ХАРКЕР НЕ Е ВЕДРА И РАСПОЛОЖЕНА КАКО ПРЕТХОДНО. ИЗГЛЕДА БЛЕДА И УМОРНА.

Д-Р СЈУАРД:

Мина Харкер, вас нешто не ви е добро?

МИНА ХАРКЕР:

Спиев толку многу, а се чувствувам уморно.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ви помогнаа пилулите да заспиете?

МИНА ХАРКЕР:

Претпоставувам. Воопшто не се будев во ноќта.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Можеме да почнеме, нели?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Секако.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Јас би започнал со извештајот околу однесувањето на Ренфилд. Ноќта ја преседов покај него. Кутриот тој… вие момци навистина имавте среќа, затоа што тој постојано беше во близина. Дефинитивно Ренфилд е поврзан со Дракула.

ЕВЕ ВИ СЕ НА ПИСМЕНО. СИТЕ ЗЕМААТ ПО ЕДЕН ЛИСТ, ГО ПОГЛЕДНУВААТ.

Д-Р СЈУАРД:

Џонатан… без страв… ги отвори сите сандаци и попрска со света прав и лук… На момети ме уплаши неговата храброст… Мина Харкер, вие сте среќна жена што имате ваков маж покрај вас.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Хм… не секогаш сите ги ценат истите вредности.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Јас сум сигурен дека таа се гордее со вас. Нели Мина Харкер?

МИНА ХАРКЕР Е ЗАМИСЛЕНА НЕ НИ СЛУША ШТО СЕ ЗБОРУВА НИ ШТО ЈА ПРАШУВААТ.
НА ПРАШАЊЕТО ТАА МОЛЧИ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Јас не сум.

МИНА ХАРКЕР:

(како да се буди од сон) Џонатан ме плаши твојата храброст.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Нема зошто драга… И така нема што да изгубиш.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Колку сандуци преброивте и заштитивте?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

29. Само 29.

Д-Р СЈУАРД:

Имаме уште многу работа. Тој ги разнел.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ќе ги најдеме.

Д-Р СЈУАРД:

И кога ќе ги уништиме сите негови скривалишта, тој е наш.

МИНА ХАРКЕР:

Толку ми е жал што јас вчера со ништо не допринесов… толку спиев…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Професорот Ван Хелсинг сигурно ти дал некои чудесни пилули….

МИНА ХАРКЕР:

Зошто ти е таа интонација?

Д-Р СЈУАРД:

Да направиме план за вечер?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Мина Харкер сигурно веќе има план… А Мина Харкер?

МИНА ХАРКЕР:

Што сакаш да кажеш?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

А ти не знаеш, а?

Д-Р СЈУАРД:

Јас ќе одам по уште чај, сака некој?

ИЗЛЕГУВА.

МИНА ХАРКЕР:

Зошто не срамиш?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Јас не срамам? Или најлесно е да ја префрлиш топката на другата страна, а?

ПОДИГА ОД ЗЕМЈА ЕДНА СТОЛИЦА И СО НЕА УДИРА ПО ПОДОТ.

МИНА ХАРКЕР:

Што зборуваш?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Те видов Мина Харкер, сé видов! Нема потеба да ме лажеш, или не дај боже да се извинуваш. Така уште помалку ќе те почитувам… Јасно ми е зошто е тоа… Ама не мислев дека така брзо ќе се откажеш од нашата постела, и ќе се стрчаш кај друг!!!

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мина Харкер, подај ми на ташната… Џонатан, ова се вонредни околности… Оваа клиника лошо влијае на тебе.

ЏОНАТАН МУ МАВА БОКС НА ВАН ХЕЛСИНГ.
ВАН ХЕЛСИНГ ПАЃА НА ЗЕМЈА.
МРАК.

*Сцена 14*

ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 СЕДАТ ПОКРАЈ КАФЕЗОТ НА РЕНФИЛД.
ГЛЕДААТ ВО РЕНФИЛД.
РЕНФИЛД ВРЕСКА НА ЦЕЛ ГЛАС.
СЕ ФРЛА ОД ЕДЕН КРАЈ НА КАФЕЗОТ НА ДРУГ.
СО ТРЧАЊЕ НА СЦЕНАТА ВЛЕГУВА Д-Р СЈУАРД.
РЕНФИЛД СЕ КРИЕ. СЕ ПОКРИВА СО СВОЈОТ ТЕФТЕР, СЕ ПОКРИВА ПРЕКУ ГЛАВА СО СВОЕТО ПАЛТО.
СЕ ВРАЌА НАНАЗАД, КАКО ДА БЕГА И СЕ ПЛАШИ ОД НЕШТО.
РЕНФИЛД ПАЃА НА ПОДОТ БЛЕД, ИСПОТЕН, ИЗЛИГАВЕН И ЗАБРЕВТАН.
РЕНФИЛД СО СОСЕМА БИСТАР ПОГЛЕД СТАНУВА, ПОЛЕКА, ТЕТЕРАВЕЈЌИ СЕ. СЕ ПРИДРЖУВА ЗА РЕШЕТКИТЕ НА КАФЕЗОТ.

РЕНФИЛД:

Мора да си заминам.

Д-РСЈУАРД:

Сé уште е рано Ренфилд, не си доволно закрепнат.

РЕНФИЛД:

Се плашам дека воопшто не разбирате што барам. Сакам да тргнам веднаш - оттука – сега – во моментов! Времето, кога сте во преговори со старецот со косата, е одлучувачки фактор. И си мислев дека ако тоа му го изложам на еден интелектуалец како вас, ќе може веднаш да ме разбере, и да го исполни моето барање.

Д-РСЈУАРД:

Зошто сакаш да си заминеш Ренфилд?

РЕНФИЛД:

Не ми е дозволено да ги изнесам вистинските причини. Но ви давам збор дека се тоа исправни, незлонамерни, несебични причини.

Д-РСЈУАРД:

Зарем, после сето ова време и пријателство, не можеш да ми ја кажеш причината за твојата желба вечерва да бидеш на слобода.

РЕНФИЛД:

Да смеам да зборувам слободно, не би се мислел ни миг, но јас не господарам со себе во овој случај. Ве молам да ми верувате. Ако ме одбиете, ќе биде тоа на ваша одговорност.

ДР СЈУАРД СТАНУВА. ЗАПИШУВА НЕШТО ВО ТЕФТЕРЧЕТО. ТРГНУВА ДА СИ ОДИ.
РЕНФИЛД СТАНУВА ОЧАЕН.

РЕНФИЛД:

Ве молам, докторе, ве преколнувам. Пуштете ме од оваа куќа. Испратете ме каде сакате. Пуштете и чувари со камшици и синџири, нека ми облечат лудачка кошуа, нека ми ги врзат рацете, и нека ми ги оковаат нозете, пратетет ме дури и во затвор, само пуштете ме од тука. Не сте ни свесен што правите со тоа што ме држите тука. Ви зборувам од длабочината на душата, од самото срце. Не знаете какво зло ми нанесувате, и како – а јас не смеам да ви кажам. Кутар јас!!! Не смеам да ви кажам. Ве колнам во сé што ви е свето, сé што ви е мило, во името на загубената љубов, во името на надежта во која уште живееем, во името на севишниот – одведете ме оттука и спасете ја мојата душа од вина! Не ме слушаш ли човеку??? Не сфаќаш ли дека во овој миг сум разумен и искрен! Не сум лудак кој има

напад, туку разумен човек кој се бори за спас на својата душа!!!! Слушнете ме!!! Пуштете ме! Пуштете ме!!! Пуштете ме!!!

РЕНФИЛД КЛЕЧИ НА КОЛЕНА ПРЕД Д-Р СЈУАРД. И ПЛАЧЕ.
ТОЈ ГО ПОДИГА.

Д-РСЈУАРД:

Дојдете… и престанете со тоа. Доста е. Легнете си и обидете се да се однесувате поприбрано. Сé ќе биде добро. Сé ќе биде добро. Шшшшшт… Легнете си.

РЕНФИЛД, БЕЗСИЛА, НЕЗНАДЕЖ ЛЕГНУВА, ПРАКТИЧНО СЕ СВЛЕЧКУВА НА ПОДОТ. САМО НЕРВИТЕ НА ЕКСТРЕМИТЕТИТЕ ПОВРЕМЕНО МУ ПОДРИПНУВААТ.
Д-Р СЈУАРД ЗАМИНУВА.

РЕНФИЛД:

Јас згрешив. (на Пациент 101 и Пациент 102) Јас се кајам. Јас сакам да го вратам времето! (плаче)

ПАЦИЕНТ 101 МУ ПОДАВА КИТКА ОД ЦВЕТ.
ПАЦИЕНТ 102 СО ПУКАЊЕ НА ПРСТИТЕ ГО ГАСИ СВЕТЛОТО ШТО УДИРА ВО НЕГОВИОТ КАФЕЗ.
МРАК.

*Сцена 15*

СОБАТА НА МИНА ХАРКЕР И ЏОНАТАН.
ЏОНАТАН СЕДИ НА КРЕВЕТОТ СО МАШИНАТА ЗА ПИШУВАЊЕ ПРЕД НЕГО.
ЧУКА. ПОМИСЛУВА. ПОВТОРНО ЧУКА.
ВЛЕГУВА МИНА ХАРКЕР. ОД САМАТА ВРАТА МИНА ХАРКЕР ОЧЕКУВА РЕАКЦИЈА НА ЏОНАТАН.
ЏОНАТАН ЈА ПОГЛЕДНУВА И СОСЕМА СПОКОЈНО ПРОДОЛЖУВА ДА КУЦА.
МИНА ХАРКЕР ВЛЕГУВА.

МИНА ХАРКЕР:

Остани вечерва со мене.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не ти е добро?

МИНА ХАРКЕР СЕ ПЛАШИ ОД НЕГОВОТО ЛУДО СПОКОЈСТВО.

МИНА ХАРКЕР:

И не, и да…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Бледа си, сé побледа и побледа…

МИНА ХАРКЕР:

Тоа не е ништо страшно…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

(чука) Ме загрижува твоето здравје.

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан, мене ме загрижуваат некои други работи…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Знам Мина Харкер, сé правам за што побрзо и побрзо да ги решам…

МИНА ХАРКЕР:

Мора да зборуваме…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не, сега е време да дејствуваме… секој на свој начин..

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан!

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Опушти се, сé ќе биде во ред… Верувај ми…

МИНА ХАРКЕР:

Мора да зборуваме… имаме проблем…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

(Се прави дека не слуша. Чука. ) Аха…

МИНА ХАРКЕР:

Не бегај од мене.

ЏОНАТАН СТАНУВА.  ГО ВАДИ ЛИСТОТ ОД МАШИНАТА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Морам да одам. Професорот ме чека во холот.

МИНА ХАРКЕР:

Тргни ја таа маска на спокојство, не можам да ја поднесам!

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ме оставаш?

МИНА ХАРКЕР:

Не.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Кога ќе го уништиме Дракула, сé ќе си дојде на свое место…

ЈА БАКНУВА ВО ЧЕЛОТО.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Нели, Мина Харкер?

ЏОНАТАН ГО ЗЕМА ПАЛТОТО И ИЗЛЕГУВА.
МИНА ХАРКЕР ОСТАНУВА СТАПИСАНА.
СЕ ФРЛА НА КРЕВЕТОТ ВО ПЛАЧ.
МРАК - ОД ОНОЈ СТРАШНИОТ КОГА НИЗ ТЕМНИНАТА СЕ ТРКАЛААТ СВЕТУЛКАВИ ПРАШИНКИ.

*Сцена 16*

ЗВУК НА ЧУКАЊЕ НА ВРАТА.
НЕЖНО, ОДВАЈ ВИДЛИВО СВЕТЛО НА МИНА ХАРКЕР.
МИНА ХАРКЕР ЈА ПОДИГА ГЛАВАТА.

ГЛАСОТ НА Д-Р СЈУАРД:

(Со гласен шепот) Мина!

МИНА ХАРКЕР СТАНУВА. ТРГНУВА КОН ВРАТАТА.
ЗАСТАНУВА ПРЕД ОГЛЕДАЛОТО.
ЈА КОРЕГИРА РАЗМАЧКАНАТА ШМИНКА.

МИНА ХАРКЕР ОТВАРА.
НИЗ СИЛНО БЕЛА СВЕТЛИНА ВЛЕГУВА СИЛУЕТА НА МАЖ. КОГА ЌЕ ИЗЛЕЗЕ ОД СВЕТЛИНАТА ГО ГЛЕДАМЕ Д-Р СЈУАРД.
МИНА ХАРКЕР ГИ ШИРИ РАЦЕТЕ. ГО ПРЕГРНУВА.
ГО БАКНУВА. СТРАСНО. ДОЛГО.
СО ПРЕЌУТНО ПРЕДАВАЊЕ ЕДЕН НА ДРУГ БАКНУВАЊЕТО ПРЕРАСНУВА ВО ЉУБОВНА ПРЕДИГРА.
ЗАВРШУВААТ НА КРЕВЕТОТ.

МИНА ХАРКЕР:

Толку те посакував…

Д-Р СЈУАРД:

Немав храброст…

МИНА ХАРКЕР:

Само бегаше од себе…

СЕ ПРЕПУШТААТ НА ЉУБОВНАТА ИГРА.
МРАК.

*Сцена 17*

УТРО. САЛОНОТ. СИТЕ СЕДАТ ОКОЛУ МАСИЧКАТА.
МИНА ХАРКЕР Е БЛЕДА И НЕ И Е ДОБРО. ИЗГЛЕДА СЕ ПО ПРОПАДНАТА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

…откако ја лоциравме куќата во северен Лондон. Влеговме без никој да нé забележи и таму најдовме уште 14 сандуци. Тоа беше поразително за нас, бидејќи сфативме дека има и трето место каде сандуците се распоредени. Набрзина ги отворивме сандуците, ги попрскавме со света прав, ги наполнивме со лук.

МИНА ХАРКЕР:

Зошто не нé спречува?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Совршено добро знае што правиме… и сигурен сум дека има некоја причина што не се ни труди да не спречи во тоа.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ооо… драг мој… тој знае дека сега сме ние во предност… го демнеме и очекуваме.

МИНА ХАРКЕР:

Мене не ми е добро.

МИНА ХАРКЕР ПАЃА ОД СТОЛЧЕТО.
СИТЕ СЕ РАСТРЧУВААТ ОКОЛУ НЕА.
ЈА СТАНУВААТ И ЈА СЕДНУВААТ НА СТОЛЧЕТО.
МИНА ХАРКЕР ОТВАРА ОЧИ.

МИНА ХАРКЕР:

Добро ми е. Малку ми се слоши.

Д-Р СЈУАРД:

Боже господи, толку ме уплашивте.

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан, ми студи...

ЏОНАТАН ТРГНУВА ДА И ДОНЕСЕ НАМЕТКА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Јас ќе ви подготвам врел чај со рум… и уште некои тревки кои ќе ве санираат одма… не се секирајте. Сјуард, остани со неа.

Д-Р СЈУАРД:

Драга моја Мина Харкер… Чувтвувам толку грижа на совест. Цела ноќ не заспав и мислев на нас. На овој ден. Каков ќе биде? Дали ќе биде различно од порано…

И ГИ ФАЌА ДЛАНКИТЕ. И ГИ БАКНУВА.

Д-Р СЈУАРД:

Најмалку што сакав беше вие да се разболите. Тоа е сигурно од вашата грижа на совест. Не смеев да ја прифатам вашата игра… Простете.

Простете… Јас требаше да бидам силниот! Се мразам себеси! Затоа ви е лошо, нели?

МИНА ХАРКЕР:

Лошо ми е. Не разбирам за што зборувате.

Д-РСЈУАРД:

За Мина Харкертата ноќ…

ВЛЕГУВА ЏОНАТАН ХАРКЕР СО ЏЕМПЕР ВО РАЦЕТЕ. ЈА НАГРНУВА МИНА ХАРКЕР. ВЕДНАШ ЗАД НЕГО ДОАЃА ВАН ХЕЛСИНГ СО ШОЉА СО ЧАЈ ВО РАЦЕТЕ.

МИНА ХАРКЕР ГО ОБЛЕКУВА ЏЕМПЕРОТ.

ГО ЗЕМА ЧАЈОТ В РАЦЕ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Седнете. Се ќе биде во ред.

СЕДНУВААТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Џонатан, не смееш да го доведеш својот живот во опасност. Тоа е рамно на самоубиство. Сфатете ме буквално.. не смеете да го загубите животот во оваа мисија.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

И би го загубил да/…

ВАН ХЕЛСИНГ:

…/Не! Ако останеме без вас, или без било кој друг член на екипата, ние сме ја изгубиле битката. Така ли е Мина Харкер?

МИНА ХАРКЕР:

Така… те молам Џонатан, чувај се… Ако тебе нешто лошо ти се случи, истиот момент ќе умрам и јас…

Д-Р СЈУАРД Е ЗАМИСЛЕН. НЕ ГО СЛЕДИ РАЗГОВОРОТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Сјуард, што предлагаш за следно?

СЈУАРД Е ЗАМИСЛЕН. НЕ СЛУША.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Сјуард, врати се.

СЈУАРД СЕ СЕПНУВА.

Д-Р СЈУАРД:

Знаеме што преостанува. Последната куќа. Се надевам дека е последна.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

И кога ќе му го уништиме и тоа скривалиште/…

МИНА ХАРКЕР:

/Кога ќе му ги уништиме сите скривалишта…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

…/тој нема да има каде да преспие. Ќе остане слаб, сред бел ден, и тогаш нема повеќе да има никакви моќи. Ќе биде послаб и од најслабиот човек. Тогаш тој е наш, и тоа ќе биде крај на оваа приказна. Нели Мина Харкер?

МИНА ХАРКЕР:

Однесете ме в соба, мора да легнам…

Д-Р СЈУАРД СРИПУВА ДА ЈА КРЕНЕ В РАЦЕ.

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан…

ЏОНАТАН ХАРКЕР ЈА ЗЕМА В РАЦЕ.
Д-Р СЈУАРД РЕАГИРА ПОВРЕДЕНО НА ЗБОРОВТЕ НА МИНА УПАТЕНИ ЗА ЏОНАТАН. Д-Р СЈУАРД ИСТРЧУВА ОД СЦЕНА.
ВАН ХЕЛСИНГ ОСТАНУВА ЗБУНЕТ ОД РЕАКЦИЈАТА И НА МИНА ХАРКЕР, И НА Д-Р СЈУАРД.
МРАК.

*Сцена 18*

ВАН ХЕЛСИНГ И Д-Р СЈУАРД СЕДНУВААТ НА МАЛАТА МАСА ЗА ЧАЈ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Шшшшшт… биди тивок. Сакам да зборуваме насамо.

Д-Р СЈУАРД:

Каде е вискито?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Те молам, слушни ме. Сјуард, имам чувство дека зад грб ни се случува нешто чудно… Всушност како да ни е пред очи, а не го гледаме… Особено со госпоѓа Харкер. Таа станува сé побледа и побледа. Можеби е тоа некое дело на Дракула.

Д-Р СЈУАРД:

Не Професоре, не е на Дракула… мое е… и страшно се каам заради тоа…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Како мислиш твое е?

Д-Р СЈУАРД:

Не можам да ви кажам.

ВАН ХЕЛСИНГ ГО ВАДИ ШИШЕТО ОД ПОД МАСАТА. МУ НАЛЕВА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Те молам, обиди се…

Д-Р СЈУАРД:

Вчера вечер… кога останав со Ренфилд, како да чув некои чудни звуци во нејзината соба. Појдов да проверам. Таа како да ја осети мојата слабост кон неа… и ме прегрна… така ми годеше таа прегратка… и потоа… ме бакна.. и пак и пак… и пак… *(ја испива чашата на екс. Налева нова.)*

Се мразам… Професоре… знам колку ме презирате… го чувствувам вашиот прекорен поглед насекаде по кожава… ако не ве гледам…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Погледни ме.

Д-Р СЈУАРД ГО ПОГЛЕДНУВА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Нешто не е в ред. Нешто сериозно не е в ред и мора да откриеме што. Одете наспијте се. После ќе продолиме.

Д-Р СЈУАРД:

Не можам да спијам. Никогаш повеќе нема да можам… без неа…

СЕ ПРЕСЕГА ПО ШИШЕТО. ВАН ХЕЛСИНГ МУ ГО ЗЕМА ОД РАКА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тоа тој го сака! Оди.

Д-Р СЈУАРД МУ ГО ЗЕМА ШИШЕТО ОД РАКА НА ВАН ХЕЛСИНГ.
НЕВОЛНО ИЗЛЕГУВА.
ВАН ХЕЛСИНГ СЕ ЗАВАЛУВА НА СТОЛ, ПАЛИ ПУРА…
ВЛЕГУВА МИНА ХАРКЕР.

МИНА ХАРКЕР:

Професоре?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мислев дека спиете.

МИНА ХАРКЕР:

Не, не можев да заспијам, ме мачи нешто…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Каде бевте вчера Мина Харкер?

МИНА ХАРКЕР:

Колку јас што знам во својата соба. Спиев. Се плашам дека сé ми е измешано…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Д-р Сјуард тврди дека се биле во спалната… со него…

МИНА ХАРКЕР:

За тоа и дојдов...

ВАН ХЕЛСИНГ:

Бевте со него?

МИНА ХАРКЕР:

Не! Боже!!!… Што се случува?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Некој или лаже или полудува…

МИНА ХАРКЕР:

Или Дракула е меѓу нас.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Како е Џонатан?

МИНА ХАРКЕР:

Смешно… Глуми дека му е добро. Не сака ништо да зборува…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Има тука нешто… Мора да размислам.

МИНА ХАРКЕР:

Морам да се вратам…

ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 ВЛЕГУВААТ НА СЦЕНА.
ЗАСТАНУВААТ ПРЕД МИНА ХАРКЕР.
ПАЦИЕНТ 101 ОД ТОРБАТА ВАДИ ФОТОАПАРАТ.
И ГО ПОДАВА НА МИНА ХАРКЕР ДА ГИ СЛИКА.
ТИЕ СЕ МЕСТАТ. МИНА ГО ПРИБЛИЖУВА АПАРАТОТ КОН ОКОТО.
МРАК.
СВЕТЛО ОД БЛИЦ.
МРАК.

*Сцена 19*

НОЌ. МИНА ХАРКЕР И ЏОНАТАН ЕДЕН ПОКРАЈ ДРУГ СПИЈАТ ВО СПАЛНАТА СОБА. СААТОТ ОТЧУКУВА ДВАНАЕСЕТ. СЕ ОТВАРА ВРАТАТА ОД СПАЛНАТА. ЗАСЛЕПУВАЧКА БЕЛА СВЕТЛИНА ОД КОЈА СЕ РАЃААТ ТРИТЕ ЃАВОЛИЦИ. НИЗ СТИЛИЗИРАНИ ЕРОТСКИ ДВИЖЕЊА ЗАПАЃААТ ВО ЕРОТСКА ВЗАЕМНА ИГРА. ТОА ГО БУДИ ЏОНАТАН. ТОЈ ГИ ГЛЕДА. ПОЛЕКА ИМ СЕ ПРИКЛУЧУВА.
СЕ БУДИ МИНА ХАРКЕР.
ПРВО СОБЛАЗНО ГЛЕДА ВО НИВНАТА ИГРА, ВО ЕДЕН МОМЕНТ КАКО ДА СЕ ОСВЕСТУВА.

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан!!!

ЏОНАТАН ЈА ИГНОРИРА.

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан, тебе ти зборувам! Што правиш?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

На што ти личи тебе Мина Харкер!?

МИНА ХАРКЕР:

Кои се тие?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Дојди со нас…

МИНА ХАРКЕР:

Немој, престани…

ЏОНАТАН НЕ И ОБРУВА ВНИМАНИЕ, НАЈСТРАСНО ВОДИ ЉУБОВ СО НИВ,

МИНА ХАРКЕР:

Престаниии... Ме боли...

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Зошто Мина Харкер? Ова е ѓаволски добро…ааах... размена на енегрии… размена на течности… го сакам овој вкус... колку е добро/...

МИНА ХАРКЕР СЕДИ И ЌУТИ И ГЛЕДА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

…/Како ме возбудува.. Ух.. како ми се допаѓа.. ги осеќам секаде по мене.. Прекрасно е Мина Харкер.. проклето прекрасно.. неодоливо прекрасно.. оргазмично прекрасно..

МИНА ХАРКЕР СЕ РАСПЛАКУВА. ЛИПА.
ЧЕТВОРКАТА И СЕ ПРИБЛИЖУВА СО СТИЛИЗИРАНО ДВИЖЕЊЕ. МИНА ХАРКЕР СОСЕМА МАЛКУ НА ПОЧЕТОКОТ ПРУЖА ОТПОР, А ПОТОА СЕ ПРЕДАВА НА СТРАСТА... ТОА Е ДОЛГА СЕКСУАЛНА ИГРА СО ВОЗДИШКИ..

СИЛЕН И МОЌЕН ОРГАЗАМ. ВО ОФФ СЛАТКО КИКОТЕЊЕ НА ТРИТЕ ЃАВОЛИЦИ. ИСЧЕЗНУВААТ ВО ТЕМНИНАТА.
МИНА ХАРКЕР И ЏОНАТАН ОСТАНУВААТ САМИ НА КРЕВЕТОТ, ЗАПАДНАТИ ВО ДЛАБОК СОН.
МОЌНА НУМЕРА ЈА ПРАТИ ОВАА СЦЕНА. КРАЈОТ НА МУЗИКАТА СЕ ПОКЛОПУВА СО ЗАСИВАЊЕТО. (Музиката треба да ја финализира сцената)
МРАК.

*Сцена 20*

СИТЕ ОСВЕН МИНА ХАРКЕР СЕ НА СЦЕНАТА. ПРИЛИЧНО НАПНАТА АТМОСФЕРА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тој сандак може да е однесен било каде… може да е закопан под земја… може да е… на брод... тој сандак тој го пренел самиот...

Д-РСЈУАРД:

Мора да има некаков траг… некој сигурно го видел…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ќе го најдеме трагот... нема да ни избега... само оваа мисија... може да потрае...

Д-Р СЈУАРД:

... цел живот...

СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА…
РЕНФИЛД СЕ УДИРА ВО РЕШЕТКИТЕ НА КАФЕЗОТ КАКО ДА СЕ БОРИ ЗА ВОЗДУХ.
ПОТОА КЛЕКНУВА НА ЗЕМЈАТА И ПОЧНУВА “САМИОТ” ДА СИ ЈА МАВА ГЛАВАТА ОД ПОДОТ. ПАЃА.
СЦЕНАТА СЕ ОТКОЧУВА.
ТРОЈЦАТА ДОТРЧУВААТ.
ОД ГЛАВАТА НА РЕНФИЛД ТЕЧЕ КРВ… И ТОЈ Е ОНЕСПОСОБЕН ДА ЗБОРУВА… САМО ЛЕЖИ И ГЛЕДА…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ташната, ташната … донесете ми ја брзо…

ЏОНАТАН ХАРКЕР ОТРЧУВА И СЕ ВРАЌА СО ЧАНТАТА.
ВАН ХЕЛСИНГ, ПРАВИ ИНТЕРВЕНЦИЈА – ДУПЧЕ НА ЧЕРЕПОТ НА РЕНФИЛД, ОД КАДЕ ИСТЕКУВА МНОГУ, МНОГУ КРВ.
РЕНФИЛД ПОЧНУВА ДА ЗБОРУВА...

РЕНФИЛД:

Не ми е страв да умрам… тоа е ситна работа наспрема љубовта. Како досега не го видов тоа!? Каде гледав, по ѓаволите!? Како може и вие ништо да не гледате, како може да сте слепи…

Д-РСЈУАРД:

Смирете се… ќе бидете добро…

РЕНФИЛД:

Ќе умрам…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не се плашете… ќе ви помогнам… не мрдајте…

РЕНФИЛД:

Господине Харкер, ништо не е поважно од љубовта… ниту милиони животи едно по друго…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Тоа не е причина за самоубиство…

РЕНФИЛД:

Да, самоубиство е да се бориш со Грофот… Слепи сте професоре? Тој е кај Мина Харкер… кај вашата Мина Харкер…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Дракула!?

РЕНФИЛД:

Го почувствував нејзиниот мирис на него…

ВАН ХЕЛСИНГ:

(За Ренфилд) Нема да умре…

ВАН ХЕЛСИНГ ВАДИ ОД ТОРБАТА ВЕНЕЦ ЛУК И МУ ГО СТАВА ОКОЛУ ВРАТОТ.

РЕНФИЛД СЕ СМИРУВА НА ПОДОТ.
ТРОЈЦАТА ИСТЧУВААТ ОД СЦЕНАТА КАКО ЛУДИ.

*Сцена 21*

СИТЕ ОТТРЧУВААТ КОН СОБАТА НА МИНА ХАРКЕР.
И ВО ИСТИОТ МИГ КАКО ФУРИЈА ТРОЈЦАТА ВЛЕГУВААТ НИЗ ВРАТАТА.
МИНА ХАРКЕР ПОДРИПНУВА, НО Е КАКО ВО БЕССОЗНАНИЕ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Добро ви е? Не ви е? Пак онаа малаксаност?

МИНА ХАРКЕР СЕ ПОДОСВЕСТУВА. СЕ ФАЌА ЗА УСТАТА. РАКАТА И СЕ ПОЛНИ СО КРВ.

МИНА ХАРКЕР:

Крв! Крв! Чија е оваа крв? Џонатан!? (мала пауза) Јас сум касната. Се напив од неговата крв… Јас сум Тој.

Д-РСЈУАРД:

Мина Харкер како се чувствувате?

МИНА ХАРКЕР:

Крваво. Уморно… уморно… Сакам да спијам. (Задремува).

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тој ја заспива! Зборувајте… Ташната!!!

Д-Р СЈУАРД МУ ЈА ПОДАВА ТАШНАТА. ВАДИ ВЕНЕЦ ЛУК. И ГО СТАВА ОКОЛУ ВРАТОТ.
МИНА ХАРКЕР ВРЕСНУВА КАКО ДА ЈА ЗАКЛАЛЕ.
ВАН ХЕЛСИНГ ГО ТРГА ЛУКОТ ОД НЕА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Простете. Простете.

МИНА ХАРКЕР:

Убијте ме веднаш! Убијте ме веднаш!!! Џонатан, ти!

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не! Имаме време да го најдеме.

МИНА ХАРКЕР:

Колку?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Пет – шест месеци…

МИНА ХАРКЕР:

Ветете ми! Џонатан?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не, Мина Харкер…

МИНА ХАРКЕР:

Јас би го сторила тоа за тебе…

ЏОНАТАН ХАРКЕР КЛИМА СО ГЛАВАТА.

МИНА ХАРКЕР:

Дај ми збор.

ЏОНАТАН ХАРКЕР КЛЕКНУВА НА КОЛЕНА ПРЕД НЕА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Давам.

И ЈА БАКНУВА ДЛАНКАТА.
ЗВУК НА ЅВОНЧЕ. ЅВОНИ.
СИТЕ СЕ СТАПИСУВААТ.
СЕ РАСТРЧУВААТ НАВАМУ-НАТАМУ И СИТЕ СЕ ВРАЌААТ СО ПО ЕДЕН ВЕНЕЦ ЛУК ОКОЛУ ВРАТОТ.
ЅВОНИ.
СЕ ГЛЕДААТ. “КОЈ ДА ОТВОРИ!?”
ПРЕСТАНУВА ДА ЅВОНИ. СИТЕ ГЛЕГААТ КОН ТАВАНОТ.
ОДОЗГОРА ПАЃА ЕДЕН БЕЛ КОВЕРТ.
Д-Р СЈУАРД ГО ФАЌА.

Д-Р СЈУАРД:

Писмо е, обично писмо…

НА СИТЕ ИМ ОЛЕСНУВА.
Д-Р СЈУАРД ГО ОТВАРА И ЧИТА.

Д-Р СЈУАРД:

“Почитуван, со длабоко жалење ве известуваме дека фондот за испитување на екстремни случаи, наменет за вашата клиника е укинат. Ве молиме, вашите пациенти да ги пренасочите во клиниката во Витби, каде истите ќе бидат прифатени.

Детелите ќе ви бидат соопштени лично. “

Д-Р СЈУАРД СЕ СТРУПОЛУВА НА ЕДНА ОД СТОЛИЦИТЕ.
МРАК.

*Сцена 22*

РЕНФИЛД НА ГЛАВАТА ИМА ОГРОМЕН ЗАВОЈ.
Д-Р СЈУАРД ДОАЃА СО ФАМОЗНАТА ТАШНА НА ВАН ХЕЛСИНГ ОД КОЈА ВАДИ МАШИНА ЗА СЕЧЕЊЕ ЖЕЛЕЗНИ ШИПКИ. СТАВА КАЦИГА ПРОТИВ ИСКРИТЕ.
СЕЧЕ ЕДНА ШИПКА.
ИСКРИ НАСЕКАДЕ ВО МРАКОТ.

Д-Р СЈУАРД:

Ренфилд, имам да ти соопштам една, за тебе прекрасна новост… Повеќе не ти треба моето мислење дали смееш надвор или не… Само ти оздрави… и ќе одиш дома…

РЕНФИЛД:

Дозволете ми да останам со вас.

Д-РСЈУАРД:

Сега си слободен човек.

РЕНФИЛД:

Ќе ви бидам од корист.

Д-РСЈУАРД:

Зошто Ренфилд?

РЕНФИЛД:

Само така ќе ја најдам… светлината… пак…

Д-РСЈУАРД:

Како мислиш?

Д-Р СЈУАРД ГО ВАДИ ТЕФТЕРОТ. РЕНФИЛД ГО ГЛЕДА. Д-Р СЈУАРД СЕ ПРИСЕТУВА ДЕКА ТОА Е ВЕЌЕ НЕПОТРЕБНО. НАБРЗИНА ГО ПИКА В ЏЕБ.

РЕНФИЛД:

Се надевам дека моето лудило нема да ви одмогне.

Д-РСЈУАРД:

Испадна дека сум и јас луд колку и ти… или ти колку и јас. Ова е свет на субјективни вистини, и никогаш нема да ја дознаеме вистината, затоа што она што за некого е лага, за друг е вистина.

Д-РСЈУАРД МУ ПОДАВА РАКА ДА ИЗЛЕЗЕ ОД КАФЕЗОТ.
РЕНФИЛД ИСЧЕКОРУВА БАВНО, УПЛАШЕНО, КАКО ДЕТЕ КОЕ ГО ПРАВИ ПРВИОТ ЧЕКОР.
Д-Р СЈУАРД ГО ОХРАБРУВА. УСПЕВА.
РЕНФИЛД, СОСЕМА НЕОЧЕКУВАНО ГО ПРЕГРНУВА Д-Р СЈУАРД.
Д-Р СЈУАРД ВО ПРВИОТ МИГ СЕ УПЛАШУВА, НО ЈА ПРИФАЌА ПРЕГРАТКАТА.
ПОЧЕТОК НА ЕДНО ПРИЈАТЕЛСТВО.
МРАК.

*Сцена 23*

САЛОНОТ ОД ПРВАТА СЦЕНА Е РАЗМЕСТЕН.
МЕБЕЛОТ НЕ Е ВЕЌЕ ТАКА ПОСТАВЕН,
СЕ ГЛЕДА ДЕКА ТУКА МИНУВААТ ПОВЕЌЕ ВРЕМЕ. СИТНИ ДЕТАЉИ ВО НИВНАТА ГАРДЕРОБА СЕ ПРОМЕНЕТИ.. ИЗГЛЕДААТ ЗА НИЈАНСА ПО ПАРТАЛАВО И НЕ ТОЛКУ УРЕДЕНО.
НА СЦЕНАТА СЕ ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102. КАЈ НИВ НЕМА НИКАКВА ПРОМЕНА ВО ГАРДЕРОБАТА, НИТУ ПАК ДЕЛУВААТ ЗАМОРНО.
РЕНФИЛД Е ВО КАФЕЗОТ. ТОЈ ТАМУ ПРОДОЛЖИЛ ДА ЖИВЕЕ.
ВАН ХЕЛСИНГ ЧИТА.

МИНА ХАРКЕР ВЛЕГУВА НА СЦЕНАТА СО СЕНДИВИЧИ НАПРАВЕНИ ЗА СИТЕ.
СЕКОЈ ПОЕДИНЕЧНО ГИ ПОСЛУЖУВА СО СЕНДВИЧ.
СИТЕ ГИ ДРЖАТ ВО РАКА, СО РАКА И ЈАДАТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Кога си доаѓаат Сјуард и Џонатан?

МИНА ХАРКЕР:

..околу два.... толку ноќи ништо не се случува...

ВАН ХЕЛСИНГ:

Утре ќе телефонирам на сите пристаништа и аеродроми... Пак... Можеби се појавил...

МИНА ХАРКЕР:

Ќе јавеа...

ВАН ХЕЛСИНГ:

Можеби заборавиле, сигурно имаат некоја работа... знаеш како е...

МИНА ХАРКЕР:

Нашите залихи од храна се при крај...

ВАН ХЕЛСИНГ:

Утре ќе појдам со Ренфилд да купам што треба... Ќе дојдеш?

РЕНФИЛД:

Да…професоре...

МИНА ХАРКЕР:

Не смееме да си дозволуваме комоција...

БАН ХЕЛСИНГ:

... бидете економична...

МИНА ХАРКЕР:

А потоа? Не смееме да ги трошиме парите за патувањето… Замислете да се појави, а ние да не можеме да стигнеме до него… Што потоа?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Набрзо ќе се појави, не може уште долго да се крие... кај и да е ќе слушнеме за некои чудни појави, и ќе го најдеме... а за пари.. ќе смислиме нешто...

НА ВРАТАТА СЕ СЛУША ТРОПКАЊЕ КАКО ЛОЗИНКА.

МИНА ХАРКЕР:

Еве ги.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Поранија… нема ништо.

ВЛЕГУВААТ ЏОНАТАН ХАРКЕР И Д-Р СЈУАРД.
САМО СО ОДРЕЧНО ДВИЖЕЊЕ НА ГЛАВАТА ДАВААТ ДО ЗНАЕЊЕ ДЕКА НЕМАЛЕ УСПЕХ.

МИНА ХАРКЕР:

Има нешто?

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

(разочарано) Ништо.

Д-Р СЈУАРД:

Го изгубивме засекогаш.. ух...

МИНА ХАРКЕР:

Не тој ќе се појави… заради мене… нема да ги го остави својот поданик…

Д-Р СЈУАРД:

Не зборувај така…

МИНА ХАРКЕР:

Така е… Се плашам...

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ние сме не ефикасни…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не почнувај…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не професоре, ние го изгубивме… Впрочем не го ни најдовме… Нели… Тој ненајде нас… т.е. Мина Харкер ја најде.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ќе биде се во ред Џонатан…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Нема да биде… затоа што Вие се бавевте со некои по-влажни работи!!!

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Остави го Мина Харкер…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Место да го гоните… А во вас имавме најмногу доверба…

Д-Р СЈУАРД:

Не не обвинувај нас за својата неспособност.

МИНА ХАРКЕР:

Неќам да слушам, нeќам да слушам, неќам да слушам!!!! (ги затнува ушите)

Д-Р СЈУАРД:

Ние не сме ти криви!

РЕНФИЛД:

Не ја вознемирувајте, ќе и се влоши состојбата… Зборувајте за нешто друго, зборувајте за пари!!!! Немаме пари, тоа е проблем, потрошивме се…

МИНА ХАРКЕР:

Немаме пари, немаме пари, немаме за јадење… ќе умреме сите тука… тој тоа ни го посакува… сака да се искараме и испоубиме…

Д-Р СЈУАРД:

Шшшшт… Мина Харкер, Мина Харкер… (ја гушка) ќе биде добро…

МИНА ХАРКЕР:

Мора да најдеме пари?

Д-Р СЈУАРД:

Мора да заработиме некако...

МИНА ХАРКЕР:

Ние сме и потребни на мислијата... мора да мислиме на тоа...

РЕНФИЛД:

Зошто не се јавите кај некој пријател?

МИНА ХАРКЕР:

Никој нема да ни верува што правиме…

Д-Р СЈУАРД:

Ќе не прогласат за луди…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Така е.

МИНА ХАРКЕР:

Никој нема да верува дека некој оди по земјава и пие крв… за вечера… Кутрата Луси...

Д-Р СЈУАРД:

Да го побараме Лордот Годалминг!

ВАН ХЕЛСИНГ:

Артур?

МИНА ХАРКЕР:

Да Артур, тој е така богат… пребогат…

Д-Р СЈУАРД КЛИМА СО ГЛАВАТА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Тоа би било пресурово... да го потсеќаме човекот на тоа…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тој едвај ја преболе Луси...

Д-Р СЈУАРД:

Тој и ја спаси душата на Луси... Тој го сретна Дракула… во неа… Артур ќе ни верува…

МИНА ХАРКЕР:

Можеби.

Д-РСЈУАРД:

Да му напишеме писмо. Официјално писмо. Ќе му раскажеме сé што се случувало во меѓувреме...

МИНА ХАРКЕР:

Се ќе биде добро.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Не е тоа просење?

МИНА ХАРКЕР:

Џонатан, нема место за суета и гордост.

Д-Р СЈУАРД:

Оваа работа мора да ја завршиме по секоја цена..

МИНА ХАРКЕР:

(малку хистерично) Забите веќе ми да ја менуваат формата Џонатан…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Џонатан, тоа е можен излез…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Добро.

МИНА ХАРКЕР ПОЛНА СО НАДЕЖ И ЕНТУЗИЈАЗАМ ОТРЧУВА НАДВОР ОД СЦЕНАТА И СЕ ВРАЌА СО ПЛИК И ПИСМО, И ПЕНКАЛО.

Д-Р СЈУАРД:

На рака?

МИНА ХАРКЕР:

Немаме повеќе мастило во печатачот.

СЕДНУВААТ, ПИШУВААТ. СИТЕ ЗАСТАНУВААТ ОКОЛУ МИНА ХАРКЕР, ЗА ДА И ДИКТИРААТ.

Д-Р СЈУАРД:

Здраво Артур... Ти пишуваме од клиниката за ментално здравје...

МИНА ХАРКЕР ПИШУВА, СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА ТАКА.
СНОП СВЕТЛИНА ОД ТАВАНОТ.
СЦЕНАТА СЕ ОТКОЧУВА. НИЗ СВЕТЛИНАТА ПАЃА ПИСМО.

МИНА ХАРКЕР:

Писмо, писмо гледајте! Мора да е од Артур.

СИТЕ СЕ СТРЧУВААТ ДА ГО ФАТАТ ПИСМОТО.
Д-Р СЈУАРД ГО ФАЌА, ГО ОТВАРА. ЧИТА ВО СЕБЕ.
НА ЛИЦЕТО РАЗОЧАРУВАЊЕ.

Д-Р СЈУАРД:

Се оженил… сака да продолжи со животот.

МИНА ХАРКЕР:

И сега?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ќе чекаме да се случи нешто.

СИТЕ СЕ ЗАВАЛУВААТ НА СЕДИШТАТА КАДЕ ШТО СЕ.
СМИРЕНА ЛЕТАРГИЧНА МУЗИКА.
СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА.
ОД ТАВАНОТ ПАЃААТ ЖОЛТИ СУВИ ЕСЕНСКИ ЛИСТОВИ.
И ПАЃААТ. И ПАЃААТ. И ТОА ТРАЕ.

*Сцена 24*

СЦЕНАТА Е ПОЛУИСПРАЗНЕТА, ПОВРЕДНИТЕ РАБОТИ НЕДОСТАСУВААТ. МИНА ХАРКЕР, ЏОНАТАН ХАРКЕР, РЕНФИЛД, Д-Р СЈУАРД, И ВАН ХЕЛСИНГ СЕДАТ КОЈ ПО ПОДОТ, КОЈ НА ПРЕОСТАНАТИОТ МЕБЕЛ.
СЕ ТРЕСАТ ОД СТУД.
НА ПОДОТ СЕ РАСПРЛАНИ ХАРТИИ. НЕШТО КАКО ГЕОГРАФСКИ КАРТИ.
ЏОНАТАН ГЛОДА ЕДНО КРАЈЧЕ ЛЕБ. И ПОДАВА НА МИНА ХАРКЕР. МИНА ХАРКЕР ОДБИВА.
ТИВКА ЛЕТАРГИЧНА МУЗИКА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Мораш да јадеш.

МИНА ХАРКЕР:

Добро ми е. Сосема добро. Ајде само малце да се одмориме, (легнува на подот, склупчена) и да ги направиме анализите.

Д-Р СЈУАРД:

(И пристапува на Мина Харкер.) Знам дека ова ќе те развесели.

ОД ЏЕБОТ ВАДИ ГОЛЕМО СОЧНО ЗЕЛЕНО ЈАБОЛКО И НОЖ. ГО СЕЧЕ ЈАБОЛКОТО НА ДВЕ. ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ И ГО ДАВА НА МИНА ХАРКЕР. НА МИНА ХАРКЕР И СВЕТНУВААТ ОЧИТЕ.
СТАНУВА ГО БАКНУВА Д-Р СЈУАРД ВО УСТА.
НА ТОА НИКОЈ НЕ РЕАГИРА НИКАКО. КАКО ДА Е ТОА НОРМАЛНО.

ГО ЗЕМА СЕ ОБИДУВА ДА ГО ПРИБЛИЖИ КОН УСТАТА. НЕ МОЖЕ. КАКО НЕШТО ДА И ЈА ТУРКА РАКАТА ВО СПРОТИВНАТА НАСОКА.
МИНА ХАРКЕР ОДЕДНАШ СЕ РАСПЛАКУВА НА ЦЕЛ ГЛАС. ВО ГНЕВ ГО ФРЛА ПАРЧЕТО ЈАБОЛКО.
ЏОНАТАН ЈА ГУШКА.
Д-Р СЈУАРД СЕ СТРЧУВА ДА ГО ЗЕМЕ. ГО ЈАДЕ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Само малце да се одмориме...

МИНА ХАРКЕР:

Јас сум негово дете… дете на ноќта… ќе ми никнат и крила…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Нема… бар нема крила…

РЕНФИЛД:

Мина Харкер… ти мора да знаеш каде е… пробај да го најдеш…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

И да го најде, тој ја блокира да каже…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не се замарајте… тој нема неа да ја остави така…

МИНА ХАРКЕР:

Ми зборува… понекогаш… како да е во мене…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Тој е дома…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Сите аеродроми го чекаат, сите пристаништа… Не можел да помине без да го видат… Сандукот е со него…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Можебо го пречекале неговите верни цигани. Некако го превземале…

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тоа е можно…

РЕНФИЛД:

Тој побегна. Тој побегна. Тој побегна ко пичка...

МИНА ХАРКЕР:

Тогаш ќе одиме по него.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ќе одиме по него.

Д-Р СЈУАРД:

Ќе одиме по него.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мора прво да закрепнеме.. Мора..

Д-Р СЈУАРД:

Прво да закрепнеме..

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мора да направиме многу нешта.. мора... мора.. да се вратиме во форма.. И да тргнеме...

МИНА ХАРКЕР:

И да тргнеме... (пак се навалува на подот со собрани нозе)

Д-Р СЈУАРД:

Ние сме заглавени. Проклето заглавени...

МИНА ХАРКЕР:

Проклето заглавени...

ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 ИМ СЕ ВКЛУЧУВААТ СО НЕКОЛКУ ПРИСОБРАНИ ШИШИЊА АЛКОХОЛ.
ЕДНО ШИШЕ ГО ВРТАТ. ВАН ХЕЛСИНГ ЕДНО ЗАДРЖУВА ЗА СЕБЕ. СИ НОСИ ЧАША. И ПИЕ. МНОГУ ПИЕ.

МИНА ХАРКЕР:

(зборува бавно, како да не верува во тоа што го зборува, има повремени проблесоци на надеж)
Бродот за Варна е во 6:45 наутро. Секој трет четврток во месецот. Оттаму имаме линија за Бистрица. На коњи ќе стигнеме во Трансилванија.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ни требаат 45 дена... проклета зима... се смрзнав...

Д-Р СЈУАРД:

45 дена.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мина Харкер направи попис на нештата што ни требаат... И попис на финансиите што ни требаат.

МИНА ХАРКЕР:

Ова е лудило… не правам веќе пописи… ние сме заглавени и никаде не ма да заминеме… ние сме во сопствена стапица… Животот е на еден проклет чекор од онаа врата.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Зошто не заминете? Што ве држи?

Д-РСЈУАРД:

Не. Ова е наша работа, наш завет, и ние ќе го исполниме.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

На најголемо задоволство ќе му го забодам колот во срцето, длабоко, длабоко, да слушнам како му се цепи на пола. (го имитира тој звук со уста)

МИНА ХАРКЕР:

Ладно ми е… Мора прво да се стоплиме...

Д-Р СЈУАРД:

Гледајте во што се претворивме... (одеднаш почнуива да плаче)

МИНА ХАРКЕР ОДИ ДО НЕГО ГО ГУШКА.
ЏОНАТАН ЈА ПОГЛЕДНУВА. ВО ИСТОВРЕМЕ ГО ПРЕГРНУВА И ЏОНАТАН, ГИ ГУШКА И БАКНУВА ДВАЈЦАТА.
СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА.
МРАК.

*Сцена 25*

СИТЕ СЕ НА ИСТИТЕ ПОЗИЦИИ,
НА СЦЕНАТА ИМА СВЕЌИ. ТОА Е ЕДИНСТВЕНОТО СВЕТЛО.
СИТЕ ИМААТ СТЕКНАТО НЕКАКВИ ТИКОВИ. ФИЗИЧКИ.
МИНА ХАРКЕР МНОГУ СЕ ЧЕША НА ВРАТОТ.
ВАН ХЕЛСИНГ ИМА ШИШЕ ПОКРАЈ НЕГО. ПИЕ.

МИНА ХАРКЕР:

Сакам дома…..

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Дадовме клетва…

МИНА ХАРКЕР:

(и блеснуваат очите) Да! Да! Мора да го уништиме злото…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Злото е во тебе Мина Харкер… Во нас…

Д-Р СЈУАРД:

(лазејќи по подот, замавнува со ножот по Џонатан) Ќе го убијам злото во нас.

ВАН ХЕЛСИНГСЕ ФРЛА НА СЈУАРД. ГО ТУРКА НА ЗЕМЈА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Опамети се! Тој тоа го чека... Не демне.. ја демне нашата пропаст.. чека да си го загубиме умот... чека.. трпеливо.. тивко... игра игра.. ама ние не се даваме...

МИНА ХАРКЕР ИСПУШТА ЗАСТРАШУВАЧКИ КРИК. СЕ ГРЧИ НА ПОДОТ. КАКО ДЛАБОКА БОЛКА ДА И ГО МАЧИ ТЕЛОТО.
РЕНФИЛД, КОЈ Е НАЈБЛИСКУ ДО НЕА, СЕ ФРЛА НА НЕА И СЕ БОРИ ЗА ТАА ДА НЕ СЕ САМОПОВРЕДИ...

РЕНФИЛД:

Тоа е тој во тебе.. гледај ме, гледај ме.. гледај во нас.. ова е тоа… ќе мине… смири се..

МИНА ХАРКЕР:

Домаааа..!

Д-Р СЈУАРД:

Одиме дома.. сите полека, но сигурно одиме дома.. И само дома... назад дома.. назад во пепелта.. назад во утробата.. на сигурно.. на топло, тивко...

МИНА ХАРКЕР:

Нејќам да умрам.. нејќам! Нејќам!!!

ЏОНАТАН ХАРКЕР СЕ ДОВЛЕЧКУВА, ОД ЧОРАПОТ ВАДИ НОЖ, И МУ СЕ ДОБЛИЖУВА НА РЕНФИЛД.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

(на Ренфилд) Таа рече дека не сака да умре...

ВЛЕГУВААТ ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 СО ТОРБИ ПРЕКУ РАМОТО ПОЛНИ СО ХРАНА, (ЗБИРАНА ОД ЛУЃЕ, ОД КОНТЕЈНЕРИ).
ВО ТОРБИТЕ ИМ ЅИРКААТ ШИШЊА АЛКОХОЛ.
СИТЕ СЕ СТРЧУВААТ КОН НИВ. ЗАБОРАВААТ НА СЕ ДРУГО.
ПОЧНУВААТ ДА ЈА ДЕЛАТ ХРАНАТА.
РЕНФИЛД Е НАЈБЛИСКУ. НЕМУ ПРВ МУ ПОДАВААТ.
ВО МОМЕНТОТ КОГА РЕНФИЛД ЌЕ ГО ЗЕМЕ ЏОНАТАН СЕ НАФРЛА НА НЕГО И МУ ЈА ДРПА РАНАТА. СЕ СТЕПУВААТ. РЕНФИЛД СИ ЈА СПАСУВА ХРАНАТА. ПАЦИЕНТ 101 МУ ДАВА ХРАНА НА ЏОНАТАН.
ЏОНАТАН И ДАВА НА МИНА ХАРКЕР. МИНА ХАРКЕР ОДБИВА ХРАНА.
ЏОНАТАН ЈА ПРИКЛЕШТУВА.
ВАН ХЕЛСИНГ И ДРУГИТЕ ПРИТРЧУВААТ НА ПОМОШ.
ОВА ГО ПРАВАТ РУТИНСКИ. СО СИЛА И ПИКААТ ХРАНА НА МИНА ХАРКЕР В УСТА. МИНА ХАРКЕР СЕ БОРИ, НО Е ПОСЛАБА. ДОДЕКА ЈА ДРЖАТ,ТАА ЏВАКА, А ПО ОБРАЗИТЕ И КАПАТ КРУПНИ СОЛЗИ.
ЏОНАТАН ЈА ЈАДЕ СВОЈАТА ХРАНА ЖИВОТИНСКИ.
ВАН ХЕЛСИНГ ОДБИВА ХРАНА.
ПАЦИЕНТ102 НА ВАН ХЕЛСИНГ МУ ОСТАВА ЕДНО ШИШЕ АЛКОХОЛ.

РЕНФИЛД, ЏОНАТАН ХАРКЕР, Д-Р СЈУАРД, ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 ЈАДАТ ЛАКОМО. ИМААТ ЕДНО ШИШЕ ВИНО ШТО ГО ВРТАТ.

МИНА ХАРКЕР:

Виното е крв… Животот струи во виното, животот струи на некое друго место...

Д-Р СЈУАРД:

Само да се одмориме малце… и ќе тргнеме по него.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ако треба ќе одиме и во Трансилванија.

Д-Р СЈУАРД:

Да, ќе провериме дали е таму…

МИНА ХАРКЕР:

Немаме ни скршена пара…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ќе го најдам и ако треба со заби ќе му го одгиразам грклaнот...

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ова е негово дело… ова е негово дело… (Пие. Многу.)

РЕНФИЛД:

Штоако некој татко, на некое кутро обескрвено новороденче, на некое далечно место… веќе му забил колец во срцето, му ја отсекол главата, му на наполнил устата со лук…?

МИНА ХАРКЕР:

Тој е тука. Го чувствувам… Јас го чувствувам…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Утре ќе одиме да го најдеме. И сé ќе заврши.

РЕНФИЛД:

Утре ќе пиеме вино како и денеска.

РЕНФИЛД ПРАВИ ГРРР СО ВИНОТО. СЕ ЗАСМЕВА. ОД УСТАТА МУ ПРСНУВА ВИНО И МУ ИСТЕКУВА ПО ВРАТОТ.
МИНА ХАРКЕР СЕ ФРЛА НА НЕГО И ГО ЛИЖЕ ПО ВРАТОТ. ГО ШМУКА. ТОЈ УЖИВА..
НЕА И СЕ ПРИДРУЖУВААТ ТРИТЕ ЃАВОЛИЦИ. А НА НИВ ОСТАНАТИТЕ МАЖИ…
СИТЕ ЗАПОЧНУВААТ ЕРОТСКА ИГРА КОЈА ЗА МНОГУ КРАТКО ЗАЛИЧУВА НА ГРУПЕН ЖИВОТИНСКИ СЕКС.
КОГА СЕ ТОА ЗАПОЧНУВА ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 ГИ ДУВААТ СВЕЌИТЕ, ЕДНА ПО ЕДНА, И ИЗЛЕГУВААТ.
НАСТАПУВА МРАК.
МЕЛОДИЧНИ ВОЗДИШКИ. КОЈ ПРЕРАСНУВААТ ВО МУЗИКА БЕЗ ЗБОРОВИ.
КОГА ЗАВРШУВА МЕЛОДИЈАТА ОД ВОЗДИШКИ, ЗАВРШУВА И СЦЕНАТА.

*Сцена 26*

СИТЕ ПОДРАЗГОЛЕНИ СЕ ЗАСПАНИ ПО СЦЕНАТА.
ПАЦИЕНТ 101 И ПАЦИЕНТ 102 ИГРААТ ШАХ.
ШИШИЊАТА АЛКОХОЛ СЕ ИЗМЕЃУ НИВ.

ПАЦИЕНТ 101:

Ех мил мој... некогаш од тебе се бара да жртвуваш, да жртвуваш претерано многу за да дојдат твојте пет минути и тогаш мама да ебеш. Шах!

ПАЦИЕНТ 102:

Абе слепило ме спопаднало.. пред очи ми е..а не гледам.. мамата маМина Харкер..

ПАЦИЕНТ 101:

Некогаш не се гледа само со очите.. шест треба да си ги отвориш, за да куртулиш..

НЕКОЈ ЅВОНИ. ЅВОНИ.
ВАН ХЕЛСИНГ ЈА ПОДИГА ГЛАВАТА. НО ПАК ЈА ЗАФРЛА ПРОДОЛЖУВАЈЌИ СО ХРЧЕЊЕТО.

МИНА ХАРКЕР:

Ѕвони.

Д-Р СЈУАРД:

Ѕвони? Не, така ти се причинува.. илузија, илузија на сетилата.. твојата потсвест е тоа.. твојата желба.. ја слушаш својата желба.. ништо не е така ко што ти изгледа се е ова проклета илузија од која не можеме да излеземе..

ПАК ЅВОНИ. ЅВОНИ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Некој сепак нé бара.

Д-Р СЈУАРД:

Можеби се од управата.. Дошле да ја реставрираат клиниката... да.. да...

Д-Р СЈУАРД СЕ СТРЧУВА ДА ОТВОРИ. ВАН ХЕЛСИНГ. ОТВАРА ОЧИ И ВО ИСТИОТ МИГ ГО ЗГРАБУВА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Не. Никогаш никој нема да дојде да ни помогне. Најмалку пак од управата. Тие не знаат ни дека постоиме. Не сакаат ни да знаат. По ѓаволите, Сјуард, не биди дете.

Д-Р СЈУАРД:

Можеби се работниците што ќе ја уриваат зградава.

ВАН ХЕЛСИНГ КАКО ДРВО ПАЃА НА ЗЕМЈА. ПАК ПОТОНУВА ВО КОМА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Професоре, професоре… (безуспашно).
(на Д-р Сјуард) Кој рече дека некој ќе ја урива зградава?

Д-Р СЈУАРД:

Еден глас ми кажа.

МИНА ХАРКЕР:

Ти кажа!?

Д-Р СЈУАРД:

Ти кажа!? Ми кажа.. рече.. пазете се проклети лудаци.. пазете се.. ние тука се ќе урнеме и на местото на вашите грешни души ќе изградиме трговски центар.. модерен нов.. со стакла и елеватори!!!

МИНА ХАРКЕР:

Сакам дома.. ајде дома.. а што ние правиме тука?

Д-Р СЈУАРД:

Мене ова ми е дома.. Јас сум дома..

МИНА ХАРКЕР:

Не мене не ми е.. Сакам дома.. Џонатан што правиме на ова грозно место?

ЏОНТАН ХАРКЕР:

Не знам, Мина Харкер. Мислам дека умираме..

МИНА ХАРКЕР:

Гниеме со месеци.. или можеби години... не знам..

ЅВОНИ ГЛАСНО И УПОРНО.

МИНА ХАРКЕР:

Отворете!

Д-Р СЈУАРД:

Не! Од трговскиот центар се.

ВАН ХЕЛСИНГ СЕ БУДИ.
ЏОНАТАН ХАРКЕР ОДИ ДО ВРАТАТА ОТВАРА. ПРЕД ВРАТАТА ИМА КОВЧЕГ НА ТРКАЛЦА. ЗАТВОРЕН.
СИТЕ СЕ СТРЧУВААТ НАТАКА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Ковчег!

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ковчег.

МИНА ХАРКЕР:

Ковчег!

ГО ИСТУРКУВАТ КОВЧЕГОТ НА СРЕДИНА НА СЦЕНАТА.
ЏОНАТАН ХАРКЕР ВО МОМЕНТОТ ПОЧНУВА ДА ГО ОТВАРА.

МИНА ХАРКЕР:

Чекај! Што има внатре?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Ако не го отвориме, нема да дознаеме.

РЕНФИЛД:

Подгответе се за најголемото искушение на вашите души.. Ќе се сретнете со ужасот лично.

Д-Р СЈУАРД:

Го чекам тој момент. Отварајте.

МАЖИТЕ ЗАПНУВААТ И УСПЕВААТ ДА ГО ОТВОРАТ КОВЧЕГОТ.
НА ОПШТО ИЗНЕНАДУВА ПРЕД НИВ, ВО КОВЧЕГОТ МИРНО ЛЕЖИ ГРОФ ДРАКУЛА.
РЕНФИЛД ПАЃА НА КОЛЕНА.

РЕНФИЛД:

Господарот.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Грофот!

МИНА ХАРКЕР:

Дракула лично.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Мозокот ми е удавен во алкохол, како да не сфаќа, што е ова..

Д-Р СЈУАРД:

Ако очите не не лажат.. тоа Дракула.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Нема логика.. не.. не мора да има некоја логика.. некоја скриена логика.. некоја скриена намера.. проклета игра.. мора да размислам..

МОЛК.

Д-Р СЈУАРД:

И?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Бавно мислам.

СИ ГО ЗЕМА ШИШЕТО АЛКОХОЛ И СЕ ПОВЛЕКУВА НА ЕДЕН СТОЛ. ГИ ОСТАВА ДРУГИТЕ ДА СТОЈАТ ОКОЛУ.

МИНА ХАРКЕР:

А ние што да правиме?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Што сакате!

Д-Р СЈУАРД:

А него? Што да му правиме?

ВАН ХЕЛСИНГ:

Смислете нешто.. оставете ме, мислам..

Д-Р СЈУАРД:

Се стемнува! Тој ќе се разбуди.

МИНА ХАРКЕР:

Треба да направиме нешто! Мене ми е лошо.

МИНА ХАРКЕР ГУБИ РАМНОТЕЖА. УШТЕ ПОВЕЌЕ И СЕ ПОТЕНЦИРААТ ТИКОВИТЕ. ОДВРЕМЕ НАВРЕМЕ ЈА НАПАЃА ПО НЕКОЈ ГРЧ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Проклети да сме! Не знаеме што да направиме..

Д-Р СЈУАРД:

Треба да размислиме.

РЕНФИЛД:

Да го уништиме. Тој мене ме уништи. Да го уништиме. Нашата слатка Мина Харкер настрада од него. Ние... И сите ние..

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Кој ќе го направи она со колецот!? По ѓаволите...

МИНА ХАРКЕР:

Тој ќе се разбуди.

РЕНФИЛД:

Во кафезот. Брзо во кафезот. Пикнете го во мојот кафез.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Проклети лудаци... тој зема безброј форми! Милиони форми.. решетките за него не се граници.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Лук, многу лук..и крстови.. околу…

Д-Р СЈУАРД:

И света прав... околу кафезот.. Ајде.

ГО ВАДАТ ДРАКУЛА ОД КОВЧЕГОТ.

Д-Р СЈУАРД:

Колку е тежок.

МИНА ХАРКЕР:

Како мртовец.

ГО ПИКААТ. ВО КАФЕЗОТ. СО ЈАЖИЊА ГО ВРЗУВААТ  ЗА ЛУЛАШКАТА. ТОЈ ВИСИ. СЛИКАТА ПОТСЕТУВА НА РАСПЕТИЕТО.

Д-Р СЈУАРД:

Ташната, ташната...

РЕНФИЛД ЈА НОСИ ТАШНАТА НА ВАН ХЕЛСИНГ.
ГО ОБВИТКУВААТ ВО ЛУК ЦЕЛИОТ КАФЕЗ.
ПОСИПУВААТ СВЕТ ПРАВ ОКОЛУ КАФЕЗОТ И ПРАВАТ ОБРАЧ.
И СИТЕ ЗАСТАНУВААТ ОКОЛУ КАФЕЗОТ.
СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА. СИТЕ СЕ СКАМЕНЕТИ ВО МОМЕНТАЛНИТЕ ПОЗИ.
ГРОФОТ ПОЛЕКА ПОЧНУВА ДА МРДА.

СЕ БУДИ. ПОЛЕКА. РАЗГЛЕДУВА ОКОЛУ СЕБЕ.
СЛАТКО СЕ СМЕЕ.
ДУВНУВА ЧАД ОД УСТАТА И СИТЕ СЕ ОТКОЧУВААТ НА СЦЕНАТА.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Тој се разбуди.

МИНА ХАРКЕР:

Тој се разбуди...

РЕНФИЛД:

Тој ми се потсмева...

Д-Р СЈУАРД:

Не е посилен од светиот прав.

МИНА ХАРКЕР:

Тој.. нешто.. прави.. со нас..

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Што да правиме со него?

Д-Р СЈУАРД:

Не знам.

РЕНФИЛД:

Тој нé надитри...

ДРАКУЛА:

Ама сте неодлучни, да не речам неспособни... каде е вашата храброст… каде е вашата вера.. верба, доверба.. каде ви е полетта…каде по патот го

изгубивте ентузијазмот.. моралот… отмениот манир, а? Како да сте во тесно.. така изгледате…

Д-Р СЈУАРД:

Да го убиеме со свето зрно!

РЕНФИЛД:

Тоа е така мала и лесна казна за него...

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Да.. да.. нешто поголемо.. пострашно.. по пеколно.. поужасно.. по крваво.. по..

ДРАКУЛА:

Така.. така.. момче… сега знаеш како ми беше мене…

ВАН ХЕЛЕСИНГ ИМ СЕ ПРИКЛУЧУВА.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Тој нé искушува… Зошто?

ВАН ХЕЛСИНГ ГО НАТЕГНУВА ШИШЕТО. ПИЕ СЕ ДО ДНОТО. ГО СПУШТА ШИШЕТО. ПАЃА ВО НЕСВЕСТ.

МИНА ХАРКЕР:

Што значеше ова?

Д-Р СЈУАРД:

Дека Дракула игра игрaчки со нас! Да го уништиме!

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Да почекаме.

РЕНФИЛД:

Аааааа... пуштете ме внатре.. јас мора да се соочам со него..

МИНА ХАРКЕР:

Не.. не!!!

РЕНФИЛД:

Тој ја поткопа мојата верба во бога.. тој ме преобрати со своите ветувања.. И тој ме изигра..

СИТЕ ГО ЗАДРЖУВААТ.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Почекај нека изгрее сонцетооо...

ДРАКУЛА:

Така, така… сте поднаучиле нешто… почекајте, така ќе биде уште полесно… Газете на сигурно мои деца…

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

(На Ренфилд) Нека раздени.

СЦЕНАТА СЕ УКОЧУВА КАКО СИТЕ ГО ЗАДРЖУВААТ РЕНФИЛД.
СЕ МЕНУВА БОЈАТА НА СЦЕНАТА. НАСТАПУВА УТРОТО.
СЦЕНАТА СЕ ОТКОЧУВА. РАЗДЕНУВА.
СИТЕ УКОЧЕНИ ВО СОПИРАЊЕТО. СЕ ОЖИВУВА СЦЕНАТА.
РЕНФИЛД ГИ ИСТУРКУВА СИТЕ. ВЛЕГУВА ВО КАФЕЗОТ. ВАДИ НОЖ.
МУ ГИ РАСПАРУВА ГРАДИТЕ. МУ ГО ВАДИ СРЦЕТО.
СКОКА КАКО ПОБЕДНИК.
МУ ГО ДОДАВА СРЦЕТО НА ЏОНАТАН.
ЏОНАТАН НА Д-Р СЈУАРД.
ПОЧНУВААТ ДА СЕ СМЕАТ. ИГРААТ.

ОТТУКА СЦЕНАТА ГО ГУБИ ТОНОТ. НИВНИТЕ ДВИЖЕЊА СТАНУВААТ ЗАБАВЕНИ, (како забавена филмска сцена без тон)

СИ ПОДАВААТ СО СРЦЕТО НА ДРАКУЛА.
РЕНФИЛД ВЛЕГУВА ВНАТРЕ.
СЕ СМЕЕ.
ИЗЛЕГУВА СО ПАРЧЕ МЕСО НАБОДЕНО НА НОЖОТ.
НОСИ ФАКЕЛ, ПЛАМЕН. И ГО ПЕЧЕ. СИТЕ ГО ГЛЕДААТ.
ТОЈ ГО ПРОБУВА.
ОД ГЕСТИКУЛАЦИЈАТА ДОЗНАВАМЕ ДЕКА Е ВКУСНО.
СМЕА НА НИВНИТЕ ЛИЦА.
СИТЕ СЕ СТРЧУВААТ КОН КАФЕЗОТ.
ИЗЛЕГУВААТ СО ПАРЧИЊА МЕСО НАБОДЕНИ НА НОЖЕВИТЕ.
ВАН ХЕЛСИНГ СЕ УШТЕ ЛЕЖИ НА ПОДОТ, ХРЧЕЈЌИ.
СЕ БУДИ.
ЈА ПОДИГА ГЛАВАТА. И ЈА ЛЕГНУВА ПАК НА ПОДОТ.
ПАК ЈА ПОДИГА.
ОСТАНАТИТЕ НА СЦЕНАТА ИГРААТ, ПЕЈАТ, ГО ПЕЧАТ МЕСОТО И ЈАДАТ.

ВАН ХЕЛСИНГ СТАНУВА, СЕ ТЕТЕРАВИ.
СФАЌА ШТО СЕ СЛУЧУВА ОКОЛУ НЕГО.
ГЕСТИКУЛИРА СО ПОТТЕКСТ *“Што правите? Што направивте? Што направивте!!!!??? Тоа тој го сакаше!”*

Преку:

ГЛАСОТ НА ДРАКУЛА:

Ах, пријателе… Колку и да се трудиш, ова не можеш да го промениш. Сé ова беше неизбежно. Јас постојам за да се видите себе си. Да се соочите со себе си. Да се вкусите себе си. Тоа е проклет смртен грев.. да се биде човек, кој не се разбира себе си.. сега се вкусивте.. тоа сте вие.. такви сте вие.. А сега продолжете да живеете со вистината за себе, ако можете...

ЏОНАТАН ХАРКЕР ОД ПАЛТОТО ВАДИ КОЛЕЦ И СЕ УПАТУВА КОН КАФЕЗОТ.

ГЛАСОТ НА ДРАКУЛА:

Ах… заборавив да ви кажам… тоа со колецот, лукот, светата вода и другите тракатанци е само мит.

ЏОНАТАН ХАРКЕР МУ ЗАБИВА КОЛЕЦ ВО СРЦЕТО.
МРАК.

АПЛАУЗ ОД ПУБЛИКА.

. *Сцена 27 П.С.*

СВЕТЛО НА СЦЕНАТА.
ЗВУК НА ЅВОНЧЕ.
СИТЕ СЕ ЧУДАТ.
ЗВУК НА ЅВОНЧЕ.
ВРАТА СЕ ОТВАРА, ВЛЕГУВААТ ЧОВЕК 1 И ЧОВЕК 2. ИЗГЛЕДААТ СТРОГО.
СИТЕ ГИ ГЛЕДААТ СТАПИСАНО.

ЧОВЕК 1:

Ок, момци, каде е докторот?

СИТЕ ЌУТАТ.

ЧОВЕК 2:

Знаете оваа клиника е затворена веќе подолго време… требаше да се обратите во Витби…

Д-Р СЈУАРД:

Видете, сé ќе ви објаснам…

ЧОВЕК 1:

Само момент, дајте ми лични карти…

Д-Р СЈУАРД:

Јас ќе ви објаснам сé, тоа се моите пријатели…

ЧОВЕК 2:

Вашите имиња.

Д-Р СЈУАРД:

Д-р Сјуард.

МИНА ХАРКЕР:

Мина Харкер.

ЏОНАТАН ХАРКЕР:

Џонатан Харкер.

РЕНФИЛД:

Ренфилд.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Професор Ван Хеллсинг.

ЧОВЕК 1 И ЧОВЕК 2 ЅИРКААТ КОН КАФЕЗОТ.

ВАН ХЕЛСИНГ:

Дракула… Гроф Дракула.

ЧОВЕК 1:

(на Пациент 101) А, вие, кој сте?

ПАЦИЕНТ 101:

Јас сум Брам Стокер.

ЧОВЕК 2:

(На Пациент 102) А вие?

ПАЦИЕНТ 102:

Јас сум Брам Стокер.

ЧОВЕК 1 И ЧОВЕК 2 СЕ ПОГЛЕДНУВААТ.

МРАК.